***Ј.О.У.Д.Г. „Бамби“ ул. „Осоговка“ 32 Македонска Каменица***
***Тел. 033/431-227***
*e-mail: bambikamenica@t.mk*

# *ГОДИШНА ПРОГРАМА*

ЗА РАБОТАТА НА **Ј.О.У.Д.Г. „Бамби”** -
МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА
ЗА ПЕРИОДОТ 2020 / 2021 ГОДИНА



Септември, 2020 година
Македонска Каменица

# Содржина

1. ВОВЕД....................................................................................4

*2. ПОЈДОВНИ ОСНОВИ ЗА ОГРАНИЗИРАЊЕ НА ДЕЈНОСТА*........5

3. УСЛОВИ ЗА РАБОТА И ОРГАНИЗЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ..........8

3.1. Кадар на установата...............................................................9

3.2. Стручно усовршување на вработените и директорот............10

3.3. Организација на животот и работата во градинка..................11

3.4. Кујна.......................................................................................13

3.5. Заедничките служби...............................................................14

4. ПЛАНИРАЊЕ И ПРОГРАМИРАЊЕ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА РАБОТА.......................................................15

4.1. Воспитно образовна дејност...................................................16

4.1.1. Здравје и моторен развој...................................................17

4.1.2. Социо-емоционален развој.................................................18

4.1.3. Пристап кон учењето.........................................................19

4.1.4. Јазик, комуникација и творештво.......................................20

4.1.5. Когнитивен развој и стекнување на општи знаења..........20

4.1.6. Креирање стимулативна средина за игра и учење..........22

4.1.7. Литературен центар..........................................................22

4.1.8. Манипулативен центар.......................................................23

4.1.9. Уметнички центар..............................................................23

4.1.10. Семејно–драмски центар..................................................24

4.1.11. Научно – истражувачки центар.........................................24

*4.2. Стручно – педагошка дејност*................................................26

4.2.1. Здравствена заштита на децата..........................................26

4.2.2. Јавна и културна дејност......................................................27

4.2.3. Соработка со родителите.....................................................31

5. Проекти и проектни активности...................................................33

5.1. Реализација на интерни проекти со децата во Установата....33
6. СЛЕДЕЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗГРИЖУВАЧКАТА И ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНАТА РАБОТА....52
6.1. Стручен совет....52
6.2. Совет на воспитувачи....53
6.3. Совет на негуватели....55
7. ПОДРАЧЈА НА ПРОМЕНИ, ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ....56
8. ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ДИРЕКТОРОТ....59
9. Програма за работа на логопедот....64
10. Програма за работа на наставникот по Англиски јазик....66
11. МАТЕРИЈАЛНА ПОЛИТИКА И ФИНАНСОВО РАБОТЕЊЕ....66
11.1. Основни средства и опрема за работа....68
11.2. Тековно и инвестиционо одржување....68

**ВОВЕД**

Годишната програма за работа со деца од предучилишна возраст претставува документ од јавен карактер, кој што е усогласен со современите општествено-демократски движења кај нас, како и со Декларацијата и Конвенцијата за правата на децата. Годишната програма е заснована на согледувања кои се добиени реализацијата на Националната програма во која се вградени интелектуално-сознајните и менталните потенцијали на детето од осум месечна до шест годишна возраст. Програмата се темели на следните принципи:

-Принцип на демократичност (Почитување на другиот – основа на демократските основи на воспитно-образовниот процес);

-Принцип на отвореност на воспитно-образовниот процес (отворен кон сите институции во кои детето живее, се развива и комуницира);

-Принцип на еднакви можности и почитување на различностите помеѓу децата и приципи на мултикултурализам (еднакви услови за оптимален развој на секое дете);

-Принцип на следење и поттикнување на детскиот развој;

-Принцип на целовитост и интегритет (потреба од воспитно-образовно дејствување на целокупноста на детската личност);

-Принцип на индивидуализација (следење на индивидуалниот развој на детето и усогласување на воспитните интервенции со детските карактеристики и спцифичности);

-Принцип на живост (организирани животни ситуации со цел добивање на животни искуства);

-Принцип на критично вреднување и принцип на активно учење (постојана еволуација на воспитно-образовната работа).

Во годишната програма главна определба е професионален пристап кон раното згрижување, воспитување и образование, како прв дел и темел на згрижувачко-воспитниот систем. Почитување и градење на детската личност и градење на партнерски однос со родителите.

## *ПОЈДОВНИ ОСНОВИ ЗА ОГРАНИЗИРАЊЕ НА ДЕЈНОСТА*

Појдовни основи за изготвување на Годишната програма за работа на ЈОУДГ ‘‘Бамби‘‘ - Македонска Каменица се:

- член 59 од Законот за заштита на децата (Сл.весник на РМ 98/2000);
- Програма за рано учење и развој (Сл. Весник на Р.М бр. 22/23 и 12/14 од 06.03.2014г.);
- Стандарди за рано учење и развој кај децата од 0 до 6 год. возраст - документ изработен од Министерство за труд и социјална политика на Р.Македонија и канцаларијата на УНИЦЕФ;
- Проект ,,Основи на демократијата – пат кон граѓанско општество“ на Бирото за развој на образованието и МОН на Р.Македонија;
- Условите што ги обезбедува детската градинка за реализирање на целите, задачите и програмските содржини;
- Позитивните искуства и резултати што ги постигнала детската градинка во повеќегодишниот период на плодна згрижувачко – воспитна и образовна активност;
- Најновите педагошко – психолошка литература за развојот на детето до поаѓање во училиште.

Добро организирано воспитание и образование на децата од предучилишна возраст претставуа концепт кој треба да биде заснован на добри и јасно прецизирани принципи од причина што овој сегмент од детското воспитание и образование е од голем општествен интерес. Оттаму сè е насочено кон подобрување на условите за практична апликација на хуманистичкиот педагошко – психолошки правец, кој е во функција на развој на хумана, креативна, слободна и творечка личност. Имајќи ги предвид практичните согледувања од досегашната примена на повеќе иновативни воспитно-образовни елементи и програмски остварувања на тоа поле, во детската градинка во текот на 2020/2021 година примарно се предвидуваат следните стратегии и педарошки акции:

-имплементирање и спроведување на суштинското и содржинското значење на стандардите за рано учење и развој кај децата од 8 месеци до поѓање на училиште;

-целосно имплементирање и практично спроведување на новопропишаната педагошка документација, како во пишувана, така и во електронска форма;

-спроведување на практиката за водење на документ – Досие на детето од поаѓање во градинка до заминување во училиште;

-воведување на позитивни искуства од надвор со што на родителите ќе се понуди повисок квалитет на услуга кон нивните деца;

-давање поголем акцент во имплементацијата на проектот „Основи на демократијата“, кој преку добра и осмислена програма ќе најде место во тематскиот начин на планирање и директно ралицирање во воспитно-образовниот процес, како и следење на резултатите од иститот;

-унапредување на работата на предучилишната установа преку продолжување на имплементацијата на проектот за модернизација на работата во предучилишна установа кој за наредната година ќе цели кон проширување на неговите содржини и користење на истите во работата со воспитните групи од останатите објекти;

-интензивирање на заложбите во насока на создавање услови за анганжирање на психолог, педагог, дефектолог и професор по англиски јазик кој заедно со постоечкиот кадар ќе создаде тим за стручна и тематска работа со децата кои имаат било какви остапувања во својот развој;

-следење на актуелните состојки во околината во која делуваат објектите на детската градинка преку примена на анкети, истражување и слично и преку вклучување на децата со посебни потреби во редовните групи, создавање услови за градење на инклузивни занимални;

-натамошното усовршување на процесот на опсервација заради зајакнување и надоградување на индивидуалната работа и поуспешно планирање на воспитно-образовниот процес;

-изнаоѓање на нови форми и начини на инволвирање на родителите во институционалното воспитно образование делување, што би се рефлектирало и на семејното воспитување;

-интенцивирање на педагошката едукација на родителите;

-надградување на процесот на стручно усовршување на кадарот;

-реализација на активностите во насока на модернизирање на работата на стручниот кадар;

-работа на целосна, детална и квалитетна реализација на проекти предложени од страна на Министерството за труд и

социјална политика, како и од членовите на стручниот совет на установата;

-учество и реалицирање на манифестации и случувања кои непосредно би ја одразувале и презентирале како работата со децата така и оној дел од активностите кој ја преставува севкупната работа на установата;

-анимирање, организирање, насочување и едуцирање на родителите во насока на развивање здрави навики кај децата, здрав начин на исрхрана и здрав начин на живот;

-хуманитарни активности;

Целта на сите наведени стратегии и акции е поставување основи секоја детска личност да се изгради во посебна индивидуа која ќе умее да ги почитува основните норми на општественото живеење, отворање кон семејствата и поширока околина, почитување на партнерската улога на детето во планирање на сите елементи во воспитно - образовниот процес во детската градинка како и поголемо активирање на децата и нивна интеракција во процесот на осознавање и слично.

Годишната програма за работа на општинската јавна установа за деца-детска градинка ,,Бамби'' од М.Каменица, за период 2020/21 година, има за цел да ги истакне целите, задачите и активностите на основната дејност на градинката: згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст, како и поттикнување на интелектуалниот, емоционалниот, физичкиот, моралниот и социјалниот развој на детето од 8 месеци до поѓање на училиште.

Во реализација на содржините на програма, првенствено ќе поѓаме од законските прописи и регулатива, од развојните и индивидуалните можности и потреби на секое дете, од потребите на родителите и семејствата на децата, од современите трендови во предучилишното воспитание и образование во светот и кај нас, од условите и можностите за работа на градинката, но и од нашите досегашни искуства и сознанија во долгогодишната непосредна воспитно-образовна работа со деца од предучилишна возраст.

Програмските цели, задачи и активности во престојната 2020/21 година, ќе ги реализираме врз основа на одредбите од Законот за заштита на децата (Сл. Весник на РМ бр. 23/2013, 14/2013 44/2014, 144/2014, 10/2015, 25/2015, 150/2015, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18, 104/19 и 146/19), Законот за работни односи - прочистен текст (Сл.весник на РМ бр.167/15, 27/16, 120/18 и 110/19), Законот за вработување во јавниот сектор (Сл.весник на РМ

бр.27/2014, 199/2014, 27/2016 и 35/2018). Основите на програмата за воспитно-образовната работа со деца од предучилишна возраст во јавните детски градинки, Програмата за рано учење и развој, Тезите за изработка на Програмата на воспитно-образовната работа на установите за згрижување и воспитување на децата од страна на Бирото за развој на образованитето на Македонија, Статутот на градинката, Програмата за работа на градинката од претходната година, Годишниот извештај за работа на установата за претходната година, останати извештаи, записници и правилници.

Континуирано, како и во изминатите години, централно место во градинката ќе има детето, за кое, согласно Законот за заштита на децата, треба да се грижиме да му обезбедиме заштита и оптимални услови за живот и развој. Во тој поглед особени внимание ќе обрнуваме на правата на детето, на слободна и безбедноста на детската личност, на потребата од сопствено мислење и слободно изразување, на севкупните услови за здрав живот и правилен развој во градинката.

Покрај детето, приоритет во нашето работење ќе биде и соработката и комуникацијата со родителите и семејството на секое дете згрижено во нашата градинка, кое претставува природна и најважна заедница во која детето се раѓа и развива.

## УСЛОВИ ЗА РАБОТА И ОРГАНИЗЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ

Својата дејност Установата ја реализира во 1 (еден) објект кој се наоѓа на ул. ,, Осоговска ,, бр. 32 со капацитет од 180 деца. Годинава се запишани  99 деца, во една јаслена и осум градински групи

## Број на воспитни групи и деца

| Видови на групи | Структура на воспитни групи | Број на групи | Број на деца |
|---|---|---|---|
| Детски јасли | 0-24 месеци | 1 | 6 |
| Детска градинка | 2 -3 години | 1 | 11 |
| | 3 – 4 години | 1 | 12 |
| | 4 – 5 години | 2 | 26 |
| | 5 – 6 години | 3 | 31 |
| | 2-6 години хетерогена група | 1 | 12 |
| **Вкупно** | | 9 | **98** |

**Вкупниот број на запишани деца за учебната 2020/21 е заклучно со 31.08.2020*

## *Кадар на установата*

Бројот на групите во детската градинка преставува основа за утврдување на потребниот број на извршители за остварување на дејноста. Видот и степенот на образование, особено на т.н. носечки кадри е предвиден во Законот за детска заштита и подзаконските акти. За обавување на дејноста во установата преку Министерството за труд и социјална политика се вработени 27 вработени по работни места и 8 лица  преку АПВ, стручна подготовка и полова припадност према долунаведената табела.

Табеларен преглед на работните места:

| Р.бр. | шифра | Звање или назив на р.м. | Број на сист.р. м | Број на пополнети р.м. | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Админ.с луж. | Дават. На услуги | Пом. тех персо нал |
| 1 | ДЕЗ 01 02 В04 001 | Помлад соработник-секретар | 1 | 1 | | |
| 2 | ДЕЗ 01 02 В04 002 | Помлад соработник-сметководител | 1 | 1 | | |
| 4 | ДЕЗ А02 | Ложач на парни котли/градинар | 1 | | | 1 |
| 5 | ДЕЗ А01 | Домаќин -економ | 1 | | | 1 |
| 6 | ДЕЗ А02 | Готвач | 2 | | | 2 |
| 7 | ДЕЗ  А02 | Помошник готвач | 1 | | | 1 |
| 8 | ДЕЗ А03 | Садомијач сервирка | 1 | | | 1 |
| 9 | ДЕЗ  А03 | Хигиеничар | 2 | | | 1 |
| 10 | ДЕЗ  А03 | Перачка -пеглачка | 1 | | | |
| 12 | ДЕЗ | Стручен работник | 1 | | 1 | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 0303Б03005 | логопед | | | | |
| 14 | ДЕЗ 03 03 Г03 004 | Стручен соработник-Дипл.професор по Англиски јазик и книжевност | 1 | | | |
| 15 | ДЕЗ 03 03 В03 001 | Воспитувач на деца над 2-6 год.возраст | 8 | | 7 | |
| 16 | ДЕЗ 03 03 Д03 001 | Негувател | 13 | | 9 | |
| | **Вкупно:** | | 34 | 2 | 17 | 7 |

### *Стручно усовршување на вработените и директорот*

Во програмската 2020/21 година внимание ќе се посвети на стручното усовршување на директорот, воспитувачките, негователките и останатиот кадар, како примарна и неопходна компонента на перманентното образование и како предуслов за професионално и квалитетно остварување на воспитно-образовната дејност во детската градинка. Стручното усовршување на вработените и директорот ќе биде реализирано преку посета на обуки, семинари и работилници, учество во проекти, следење на стручна и детска литература, присуство на стручни предавања од областа на предучилишното воспитание и образование и размена на искуства со други вработени од други градинки од регионот и пошироко, зголемување на разновидноста и достапноста на различни видови стручно усовршување. Уште сега е договрорено со позната консалтинг компанија се направени обука на воситувачите, стручните работници и соработници за едукација на родители и вработени во детската установа.

Библиотечниот фонд се збогатува секоја година, па истата е сосема солидно опремена со стручна литература, достапна во секој момент за лична консултација и правилна и современа примена на содржините планирани за децата од сите возрасти.

Библиотеката располага и со поголем број на енцикопледии кои се во функција на збогатување на сознанија на децата, со бројни илустрации, како и за воспитниот персонал при реализација на проекти за проширување и продлабочување на содржините кои се обработуваат. Енцикопедиите како и најновата стручна литература, ќе бидат појдовна основа за наоѓање на материјали, занимливости и теми за проектите кои се реализираат во установата. Оваа година поради потребата и интересот на

родителите повторно ќе биде овозможена дистрибуција на детските списанија ,,Росица'' , ,,Супер Смешка'' и "Месечко" кои изобилуваат со многу интересни содржини и може да се користат како работни листови. Истите се одбрени со Решение од Министерството за труд и социјална политика. И оваа година е планирана набавка на нови литературни наслови и припрачници, а детската литература ќе биде збогатена со нови сликовници, приказни и драмски текстови, детски енциклопедии од различен вид, книги со детски игри и сл. Со стручни лица од Педагошкиот факултет од Штип се направени разговори и истите се поканети за вработените и директорот да одржат стручни предавања на одредени теми од областа на детската заштита, воспитанието и образованието на децата од предучилишна возраст. Притоа, ќе се настојува тоа да бидат актуелни теми во корелација со современите тенденции во воспитно-образовниот систем преку кои вработените ќе се стекнат со нови познавања, а и ќе ги обноват веќе стекнатите знаења.

Целокупната дејност на градинката во програмската 2020/21 година ќе се остварува низ следните организациони облици на работа и делување:

- детски јасли;
- детска градинка;
- кујна и
- заеднички служби.

***Организација на животот и работата во градинка***

- 05.30- 07.45 - прием на децата

07.45- 08.00 - утринска гимнастика
08.00- 08.30 -подготвување за појадок
08.30- 09.00 - појадок
09.00- 09.30 -слободни активности
09.30-10.00 -насочена групна активност
10.00- 10.30 - работа по центри
10.30- 10.40 -претпладневна ужина (ладен или топол напиток)
10.40-11.00-престој на воздух
11.00-11.30-слободни игри
11.30-12.00-подготвување за ручек
12.00-12.30-ручек

12.30-14.00-попладневен одмор
14.00-14.30-попладневна ужина
14.30-15.30-слободни активности
- 15.30-17.00-испраќање на децата

Градинската група ќе работи во насока на реализирање на згрижувачката, воспитната и образовна дејност. За децата од овие групи ќе се грижи негувателски тим составен од две неговатeлки и ќе ги остваруваат дневните насочени, слободни и хигиенски активности. При реализирањето на активностите основен принцип од кој се поаѓа е интересот и желбата на детето. Целта на активностите е правилно да се насочат и канализираат детската љубопитност, интерес и желба за сознавање, а преку тоа позитивно да се влијае на сензо–моторниот, социо–емоциналниот и когнитивниот развој на децата.
Видови на активности кои ќе бидат застапени кои и до сега беа застапени во програмата се насочените и слободни активности. Насочените активности ќе имаат за цел да ги едуцираат децата преку содржини адекватни и адаптирани за одредена возраст, а за кои основните насоки се концепираат на тематските планирања во соработка со стручната служба.

Слободните активности пак можат да бидат застапени во повеќе наврати во текот на денот, а имаат за цел да ги задоволат желбите на децата за индивидуална игра и игра во група, без разлика дали станува збор за имитативни, симболични, подвижни или пак друштвени игри. Други активности кои се застапени во текот на денот се секојдневните активности за лична хигиена и активности во врска со правилата за однесување во различни ситуации.Особено, ќе им се посвети внимание на прошетките и игрите навоздух, кои се во корелација со дневните насочени активности, а и истражувачките игри најчесто во природа.
Програмата во себе ги содржи принципите од најсовремените достигнувања во областа на предучилишната педагогија и психологијата, кои се основа во примената на современите средства, методи и дидактички материјали.
Во текот на реализацијата на програмата ќе се настојува максимално да се почитува интересот на детето, користејќи актуелни и привлечни содржини, сето тоа во форма на игра и со

издржана застапеност на сите дидактички средства и игровен материјал правилно вклопени во стимулативната занимална.

***Кујна***

**Кујната**, како дел кој овозможува обавување на основната дејност на градинката, со целокупната своја организација ќе има за цел да ги прифаќа набавените продукти, правилно да ги чува и да подготвува оброци за децата кои се состојат од појадок, ручек и ужинка. Подготовката на оброците се врши во кујната која е лоцирана во матичниот објект и во истата освен за децата од градинката, храна се подготвува и за лицата корисници на социјална помош преку проектот Народна кујна како и за децата со лесен телесен хендикеп од Центарот за социјални работи во Македонска Каменица. Во изинатиот период и во овој што следи, исхраната на децата за нас ќе претставува особено значајна и примарна цел во целокупното работење на градинката. При тоа, особено внимание ќе посветуваме на хигиената на кујната и на садовите во кои приготвуваат оброците, на продуктите, на листите на јадења, на правилната застапеност и комбинираност на различните продукти во оброците, на индивидуалните потреби на децата, особено кога има појава на алергии, потоа редовно обавување на санитарно-здравствени и контролни прегледи на вработените во кујната, редовна дезинфекција и дезинфекција на просториите итн. И оваа програмска година посебно внимание ќе посветуваме на безбедноста при приготвувањето на храната, согласно Законот за безбедност на храната.

Кујната ќе има за задача да набавува, подготува и дистрибуира оброци за појадок, ручек и ужинките на децата, а во поглед на исхраната ќе настојуваме да се снабдуваме со свежи, здрави и квалитетни прехранбени производи. Листите на јадења ќе ги изготвуваме како и досега согласно сезоната и продуктите што ги нуди пазарот, при што и понатаму пред почетокот на месецот ќе се изработуваат месечни листи на јадења за децата од јаслена возраст и за децата од 2 до 6 год. Покрај споменатото, при изготвувањето на листите ќе ги почитуваме нормативите за исхрана на деца од предучилишна возраст изготвени од Репубичкиот завод за унапредување на домаќинството, индивидуалните потреби на дел од децата (алергии и сл), итн.

***Заедничките служби***

**Заедничките служби** ќе имаат задача да ги остваруваат управно-правните, кадровските, финансиско-материјалните и хигиенско-техничките активности и работи во градинката. Споменатите активности ќе настојуваме да ги реализираме одговорно и професионално, почитувајќи ги поставените програмски цели и задачи, работните задачи на секој вработен, што произлегуваат од законските и подзаконските акти и од останатите задачи и активности, што ќе произлегуваат во текот на секојдневното работење и функционирање на градинката.

## ПЛАНИРАЊЕ И ПРОГРАМИРАЊЕ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА РАБОТА

Современите научни сознанија на предучилишното воспитание и образование укажуваат на тоа дека овој период на детскиот развој е најинтензивен и е период во кој се формираат основните квалитети на личноста, од кои зависи натамошниот развој на идниот човек. Во овој период детето се социјализира, се развива и усовршува неговата моторика, се богати и култивира неговиот говор, се задоволуваат потребите на детето за игра и контакти со врсници и возрасни, се развиваат изразните и творечки потенцијали, се создаваат хигиенски, културни, работни навики и др. Следејќи ги современите светски и европски текови во предучилишното воспитание и образование, во нашата установа се реализира Програма за рано учење и развој на децата која опфаќа разни форми на поддршка за промовирање на здрав детски развој. Во одделените степени на развојот на детето се негуваат и поттикнуваат оние форми на однесување и изразување што се карактеристични за тој период а се развиваат индивидуалните можности и се создаваат услови за неговиот натамошен развој. Истата ги обединува здравствената и социјалната заштита, дава можност за истражување и активно учење, нуди адекватен социоемоционален развој и секаков вид на грижа како би им се овозможило на децата во потполност да ги остваруват своите потенцијали. Реализацијата на програмата ќе се спроведува преку:

- глобално годишно планирање во кое ќе се предвидат темите, проектите, проектните активности;
- соработката со родителите и поширока околина;
- тематско планирање за сите возрасни групи одделно;
- дневно планирање за активностите, слободни и насочени и
- прошетки низ градот и околината.

Покрај општите цели и задачи кои се регулирани со законски прописи и општите акти на установата, воспитно-образовната работа ќе се заснова на следните задачи на нашата дејност:

- да се поттикнува интелектуалниот развој на детето;
- да им се овозможи на децата секој на свој начин да ги доживее и изрази вредностите и убавината на предметите и луѓето и да учи на свој начин;

- да создадеме еднакви услови за развој на децата;
- да може да ги усвои основните норми на однесување, вреднување и да ги развие основните способности за правилно разликување (распоредување);
- да се формира задоволно дете кое ќе има доверба во себе и во другите;
- да му се помогне на секое дете да формира и развива позитивна слика за себе и
- да се формира дете спремно за соработка со другите деца и лица.

***Воспитно образовна дејност***

Програмата за рано учење и развој со деца од предучилишна возраст и оваа година ќе се реализира преку годишно, тематско, месечно и дневно планирање и реализирање на содржините. Предвидените активности ќе се остваруваат во центрите за учење. На воспитните тимови програмата нуди слобода во планирањето на активности со децата и можност да ги изрази сите свои креативни потенцијали и енергија. Децата го минуваат времето во атмосфера која ги стимулира да оформуваат позитивни навики и вештини. Учат играјќи се со многубројни играчки и работејќи на разновидни задачи со своите другарчиња, при што ја зајакнуваат својата самодоверба. Децата се подготвуваат за на училиште, се чувствуваат пријатно, среќно, затоа што играта е детска работа. Оваа програма овозможува на децата да им помогне и да ги поттикнеме:

- да бидат креативни;
- да бидат истајни и упорни;
- да ја развиваат фантазијата;
- да ја умеат да прават избор;
- да размислуваат критички;
- да умеат сами да ги откриваат и решаваат проблемите;
- да се радуваат на своите достигања;
- да не се разочаруваат ако во нешто не успеат;
- да водат грижа за заедницата, за својата земја и човековата околина.

## Здравје и моторен развој

Растот и развојот кај децата е комплементарен процес. Развојот се однесува на промените што настануваат во степенот на комплексноста на извршување на одредени функции и стекнување на одредени вештини, каде постепено се оди од поедноставни кон посложени промени и совладување на нови вештини во движење на телото, во одржување на рамнотежата, во воспоставување контрола на делови од телото, како и зајакнување на сензомоторната координација. Клучните вредности кои се очекуваат од децата на возраст од 6 години и преставуваат основа за раниот развој и раното учење се:

- физичка компетентност и добра физичка кондиција;
- активно учество на децата во животната околина која ги опкружува и
- способност за примена на здрави и безбедни практики во секојдневните активности.

Доброто физичко здравје им дава на децата енергија и издржливост активно да учествуваат во процесот на учење. Избалансиран моторен развој е поврзан и директно влијае на другите развојни области, како што е развојот на говорот, когнитивниот и социо-емоционалниот развој. Развојниот процес кај децата се одвива преку следните субдомени:

- груб моторен развој со кој децата се движат во просторот и воспоставуваат контрола на рамнотежа и координација на екстремитетите при одење, трчање, скокање, качување по скали;
- фин моторен развој со кој децата постепено стекнуваат вештини како да ги користат дланките и прстите во изведување на прецизни моторни активности (фаќање, пишување, закопчување, отварање, затварање, сечење);
- здраво и безбедно однесување со кое децата започнуваат да разбираат како дневните активности и безбедните практики влијаат врз целокупното здравје (активности поврзани со лична хигиена, препознавање на штетни и опасни ситуации) и
- сензомоторен развој со кој децата го започнуваат светот околу нив преку своите сетила.

## Социо-емоционален развој

По природа луѓето се социјални суштества и низ сите фази на животот тие воспоставуваат интеракциски односи со други луѓе. Токму така и децата го конструираат сопственото знање за светот околу нив. Правилниот социоемоционален развој на секое дете е значително поврзан со понатамошниот успех во животот и училиштето. Децата од најрана возраст воспоставуваат социјални контакти со родителите, воспитувачите, врсниците и со други возрасни лица. Квалитетот на овие социјални односи го поттикнува правилниот социоемоционален развој на децата. Во текот на социоемоционалниот развој, децата ги учат вредностите и видовите на однесувања кои се прифатливи за заедницата во која растат и се развиваат. Безбедната околина и позитивната интеракција со возрасните во текот на првите години од животот игра значајна улога во промоцијата на здрав социоемоционален живот. Успешните социјални контакти овозможуваат развивање на позитивна слика за себе кај детето, но во исто време и развивање на емоционални вештини за самоконтрола.

Позитивните развојни компоненти на оваа развојна област го карактеризираат детето со способноста да го контролира своето однесување, да научи да практикува вештини за интеракција со другите лица, вклучувајќи ги и врсниците, како и воспоставување и одржување позитивни односи со околината.

Емоционалната компонента го поттикнува детето на самодоверба и доверба кон другите. Децата го конституираат сопственото знаење за светот околу нив преку социјални интеракции.

Позитивните социјални односи се формираат главно кога децата развиваат адаптивно однесување, кога се способни да се адаптираат во различни социјални средини и кога активно учествуваат во групни активности. Социјалната компетенција децата ја изразуваат преку емпатија со разбирање, чувствителност и почитување на сличностите и различностите. Клучните вредности кои се очекуваат од децата во предучилишна возраст во социоемоционалниот развој се:

- самодоверба и компетентност во интеракциите со околината и врсниците;
- развивање на поим за себе;

- способност за разбирање на сопствените емоции;
- контрола на сопствените чувства;
- позитивна емоционална состојба;
- почит и разбирање на сличностите и различностите во заедницата и
- развивање на социјални вештини во интеракција со врсниците и возрасните.

Во рамките на доменот социоемоционален развој се издвојуваат два субдомена:

- социјален развој со кој детето воспоставува интеракција со социјалната средина и личностите кои го опкружуваат и
- емоционален развој со кој детето ја развива перцепцијата за себе и своите емоции.

**Пристап кон учењето**

Малите деца, по својата природа се љубопитни и сакаат да истражуваат. Добро осмислен амбиент кој што ја поттикнува иницијативноста, љубопитноста и интересот кон учењето на малите деца. Во тоа, секако клучна улога имаат професионалците вклучени во воспитно-образовните процеси во текот на раното детство. Создавањето позитивен амбиент за учење ги стимулира децата да истражуваат, да решаваат проблеми, да покажуваат висок степен на иницијативност, да се поттикнува нивната љубопитност и да се охрабруваат да поставуваат прашања. Во таков амбиент, децата развиваат позитивен пристап кон учењето кој е потребен за понатамошниот успех во училиште, но и за процесот на активно учење во текот на целиот живот. Децата треба да бидат мотивирани да ги користат претходно стекнатите знаења и вештини, бидејќи развивање и негување на домен остава белег на понатамошниот живот на секое дете. Најважните вештини кои се развиваат во овој предучилишен период се:

- поттикнување на љубопитноста и интересот кај децата преку учење на нови работи и стекнување нови искуства;
- развивање на иницијативност;
- стимулирање на упорност и истрајност во превземените активности и

– развивање на рефлексија и интерпретација, односно детето да може да учи на различни начини од сопствените искуства.

**Јазик, комуникација и творештво**

Усвојувањето на јазикот и негово правилно користење е важно за успешно функционирање на секоја индивидуа во општеството. Развивањето на јазичните способности е основа за развој на сопствениот идентитет. Говорониот разој и правилното усвојување на јазикот се комплексни процеси кои започнуваат од раѓањето на детето и се условени од голем број фактори. Со усвојувањето на јазикот детето усвојува еден моќен и комплексен симболички систем, кој го развива и усовршува во текот на целиот живот. Јазикот на децата им е потребен за да ги изразат своите мисли и чувства, но истовремено им е неопходен за да ги разберат и другите лица со кои секојдневно комуницираат. Во предучилишниот период ставаме акцент на симулација и развој на следните вештини:

- доживување на статусот на македонскиот јазик како државен јазик;
- способност за слушање и разбирање на говорниот јазик;
- правилно збогатување и елоквенција;
- збогатување на речникот;
- развивање на комуникациски вештини;
- создавање интерес кон печатени материјали;
- препозанавање на пишани симболи и букви и
- изразување на своите идеи преку пишани симболи.

**Когнитивен развој и стекнување на општи знаења**

Во предучилишниот период когнитивниот развој се однесува на стекнување на вештини за процена, критичност, решавање на проблеми, разбирање на правила и концепти, како и визуелизација на можностите и последиците. Процесот на когнитивниот развој вклучува комплекс на ментални активности како: истражување, откривање, презентирање, сортирање, класифицирање и меморирање на информациите. Децата не се разликуваат само по начинот на којшто ги стекнуваат општите знаења, туку и по начинот

на којшто учат, помнат и разбираат. Токму затоа, во воспитно-образовниот процес посветуваме големо внимание на начинот на којшто децата ги стекнуваат знаењата. Стимулацијата на когнитивниот развој е основа за успехот којшто децата ќе го постигнат во понатамошниот образовен процес. Когнитивниот развој не е изолиран процес, тој зависи од степенот на развој на останатите области, пред сѐ моторниот и социоемоционалниот развој. Клучните вредности на коишто се посветува посебно внимание се:

- способност на децата да размислуваат;
- можност за стекнување и користење нови информации;
- активно решавање на проблемите, во зависност од развојниот стадиум и
- развивање на критичко мислење.

Развојниот процес во доменот на когнитивниот развој се одвива преку:

- логика и размислување, односно способност децата да истражуваат и откриваат;
- математика и броеви – преку развојот на математичките и нумеричките вештини се поттикнува развој на математичко изразување, развивање на логичко размислување и решавање на проблеми, знаење за количина, бројки и броење, како и способност за класификација и серијација;
- наука - децата стекнуваат информации за средината преку набљудување и манипулација, ги набљудуваат и опишуваат карактеристиките на живиот свет и неживата природа;
- уметност - уметничко изразување е многу важна комонента во развојот на детската личност и детското искуство.

Децата имаат можност на различни начини да ја развиваат својата фантазија и креативност и на тој начин да учат како да ја изразат својата индивидуалност, своите интереси, способности и вештини. Тие на свој автентичен начин имаат можност да ги изразат своите чувства преку музика, театар, цртање, движење.

Реализацијата на најразлични проектни активности ни дава извонредни можности да се излезе во пресрет на детските потреби, желби и афинитети, а персоналот на градинката ќе направи се што е во негова моќ сите проекти успешно да се реализираат.

## Креирање стимулативна средина за игра и учење

Образованието во 21 век пред себе има поставено многу поинакви задачи од традиционалниот модел на образование и воспитание.До колку го следиме когнитивниот развој на детето кој се однесува на стекнување на вештини многу е важно да воспитниот тим создаде средина и атмосфера во занималната каде што децата ќе се чувствувааат слободни да го изразат сопственото мислење, да веруваат во себе, во своите другарчиња, да соработуваат, да ги почитуваат останатите и да бидат успешни.
Воспитувачите треба да ја познаваат, разбираат и прифаќаат теоријата како децата до 6 годишна возраст учат низ игра. Кога воспитувачите ја прифаќаат и разбираат теоријата за детскиот развој тогаш тие знаат дека децата имаат потреба на прилагодување на средината–околината за игра и учење, а со тоа всушност тие прават успешна стратегија за подобрување на индивидуалниот развој на секое дете.

Во занималните во установата воспитно-образовната работа од областите социо – емоционален развој, моторички развој, физичко воспитание, здравствено воспитание, интелектуален развој, комуникација и творештво, се реализираат во центри. Центрите на активност претставуваат тематски структуриран простор во занималната кој на децата им овозможува да играат и учат на различен начин. Играта во центрите на активност претставува таков вид на ,, учење “ кој им овозможува на децата да ги израат своите идеи, мисли и ставови, а на воспитниот тим да ја исполни својата суштинска улога која се состои во давање помош и координација на играта. Овој начин на игра и учење им овозможува на децата постојано стекнување на комуникациски вештини надминувајќи ги при тоа конфликните ситуации кои се случуваат како последица на различните размислувања или интереси. Бројот на центрите на активност е менлив. Истиот варира и се прилагодува на потребите на програмата, интересите на децата како и воспитно – образовните цели кои се поставени за реализација .

## Литературен центар

Литературниот центар содржи сликовници, книги, списанија, разновидна детска литература и во него се планираат активности за

слушање, читање и разгледување. Овој простор е тивок и во него децата можат да го разгледуваат сето она што го привлекува нивното внимание. Литературниот центар во поголемиот дел од занималните е збогатено со перничиња, фотељи или клупи обложени со мек материјал за децата да се чувствуваат пријатно додека престојуваат во него.

**Манипулативен центар**

Активностите во овој центар им помагаат на децата да ги развијат своите интелектуални способности, малите мускули и координација на окото со раката.

Овој простор содржи игри коишто ќе им помогнат на децата да научат да спојуваат сродни предмети, да бројат, да класифицираат како и да вежбаат примена на математичка терминологија. Кога децата ги делат и позајмуваат дрвените форми, кога ги споделуваат и решаваат проблемите тогаш децата ги развиваат своите социјални вештини. И оваа година како и претходните овие центри ќе ги збогатиме со тродимензионални форми (коцки, квадари, конуси, пирамиди, цилиндри во разни големини) со коишто децата ќе можат да прават измислени или реални структури како што се згради, градови, фарми и зоолошки градини. Често пати овој центар како простор се дополнува со разни мали или поголеми играчки како што се превозни средства, домашни или диви животни и разни други работи што децата можат да ги замислат и придонесуваат да се развијат нивните способности.

**Уметнички центар**

Овој простор го поттикнува креативното размислување и изразување, во него се развиваат способностите за ликовно изразување, разрешување проблеми, комуницирање(вербално и невербално), самопочитување, се развиваат ситните и крупни мускулни движења и интелектуалните способности.

Овој центар секогаш е активен дел од занималната зошто истото ги поттикнува децата да ја развиваат и истражуваат сопствената креативност, да се забавуваат со нови материјали и да доживуваат нови сетилни искуства. И оваа година центрите ќе бидат збогатени со нови потрошни, природни и други материјали што лесно можат

да се најдат во непосредната околина. Уметничките центри содржат и дополнителни упатства за користење на различни средства и материјали при изработка на цртежи, слики, колажи и други изработки преку кои деца можат да ја изразат својата креативна моќ и фантазија.

### Семејно–драмски центар

Семејно – драмскиот центар е задолжителен за децата од предучилишна возраст. Воспитниот тим ги планира, дополнува и менува реквизитите што ги користат децата во овој простор. Една недела, може да бидат поставени реквизити кои ќе опфатат активности за миење, другата недела реквизити за коса, понатаму, реквизити за негување на домашни животни, а веќеследната недела други реквизити, зависно од интересот на децата. Во состав на овој центар може да се постават и реквизити за готвење. Разновидните проекти за готвење се особено интересни и забавни за децата и овозможуваат децата да учат научни концепти, да пробаат нова храна, да ја јадат храната што сами ја приготвиле. Во семејно–драмскиот центар треба да има облека и реквизити со коишто децата ќе можат да играат различни улоги, да го изведат она што го гледаат во својот живот, што ќе им помогне да го разберат светот околу нив.

### Научно – истражувачки центар

Во овој центар можат да се откријат работи за кои децата претходно воопшто не размислувале.
Научно – истражувачкиот центар е местото каде што децата ќе ги изведуваат своите експерименти и истражувања, местото кадешто децата тргнуваат во научно истражување. Децата можат да истражуваат за се она што ги опкружува, но доста често се мотивирани да истражуваат и за теми кои се атрактивни и несекојдневни за нив на пр, Ние во светот на музиката, Вселената– што е тоа? Светлина и цвет и многу други интересни непознаници за децата. Активностите испланирани за научно - истражувачкиот центар често се изведуваат и надвор од занималната, кога децата се упатуваат на истражување и набљудување во непосредната околина.

Планирањето на активностите за работа со децата ќе се одвива тимски, еднаш месечно на ниво на Советот на воспитувачи по возрасни воспитни групи во објектот во консултација со психологот, логопедот и музичкоит педагог. При тоа посебно внимание ќе се води на изборот на темите, определувањето на развојните задачи, вклучувањето на децата по центри за учење, индивидуализацијата и начините и формите на соработка со родителите. Сето тоа ќе биде планирано почитувајќи ги детските потреби, желби и интереси, а со цел збогатување на нивните искуства и сознанија.

Воспитно-образовната дејност во воспитната установа и понатаму ќе се остварува преку програма, која користи богати содржини, а проследена и оплеменета со многу нагледни средства, дидактички помагала, учење по пат на игра и решавање проблеми. Со тоа се овозможува целосен и здрав развој кај децата и тоа во однос на когнитивниот, моторичкиот и социо-емоционалниот развој на детската индивидуа.

Нашата установа активно ќе се вклучи во сите проекти кои ќе придонесат за подобрување на начинот, условите и новитетите при остварување на воспитно-образовниот процес, а за тоа ќе организира постојани обуки, предавања, семинари за постојано усовршување на воспитниот персонал, за конечно да резултира со социјализација, индивидуализација и почитување на детето.

Оваа година за реализација се планирани 10 теми и тоа:

**1.Градинката мојот втор дом**
**2.Златна есен**
**3.Го запознавам моето тело**
**4.Дрвото мојот пријател**
**5.Зима- Бела, Бела, Белина**
**6.Ги сакаме животните**
**7.Моето семејство**
**8.Природата се буди во пролет**
**9.Сообраќај**
**10.Летни патувања- летни доживувања**

## *Стручно – педагошка дејност*

### *Здравствена заштита на децата*

***Оваа*** *2020/21 год.ќе започнеме да работиме по протоколите од Министерството за здаство, МТСП и Комисијата за заразни болести. Акцент ќе се стави на дополнителна дезинфекција и хигиена на сите простории во објектот. Ја приспособивме дворната површина за детска игра. Секој вработен има своја насока и делување во својата професија и изведување на протоколите. Обврска ни е групите да имат одреден број на деца за јасли е дозволено 6 деца, а за возрасна група (2- 6 год.) 15 деца. Времето за пасивен одмор ке биде организирано така што децата ќе бидат поставени на креветчето според принципот “нозе-глава” со препорачано растојание. При прием редовно ке правиме проверка на температура на сите влезови во градинката со бесконтактен топломер. Задолжително ке биде носењето на маска, дезинфекција на обувките при влегување и носење на децата во пропишаното време со одржување на потребното растојание. Наша обврска и задача е да воспоставиме безбедна и сигурна средина на нашите деца. Вработените имаа обврска да се грижат за своето и за детското ментално здравје.ке го интензивираме начинот на работа во дворната површина т.е. истражувачки активности и учење на отворено.*

Заради превенција од пренесување на инфекции и болести, уште при приемот на детето ќе се бара медицинска белешка за неговата здравствена состојба и ќе се води контрола на вакцините. На систематски прегледи ќе подлежат вработените. Редовно ќе се дезинфицира приборот за јадење, играчките, санитарните јазли и др. Просториите во кои престојуваат деца редовно ќе се чистат, проветруваат, кварцираат, а ќе се користат и природни фактори, како чист воздух, сонце, вода и др. Воедно предвидена е и превентивна едукација на родителите во насока на подигнување на свесниот и одговорниот однос кон правилен хигиенско-технички третман на децата во домашни услови. Храната ќе се подготвува по

однапред изготвена листа на јадења, во централна кујна, сместена во Објект .

Здравствената заштита и превенција кај децата од предучилишна возраст има за цел да им овозможи на децата правилен раст и развој преку развивање на културно – хигиенски навики, правилен однос кон исхраната односно важност и потреба за здрава храна, спортско-рекреативни активности, културно-забавни, како и сите останати активности и мерки кои ќе допринесат во подобрување и зачувување на здравјето, на емоционалниот, физичкиот, менталниот и социјалниот развој кај детето. Здравствената заштита на децата во градинката опфаќа:

- континуирано санитарно-хигиенски надзор во објектот;
- континуирано следење на работата во кујната;
- планирање, контрола и прилагодување на исхраната односно менито според возраста во соработка со заводот за унапредување на домаќинството;
- следење на растот и развојот на децата преку антрополошки мерења;
- обезбедување на поволни микроклиматски услови во занималните како и безбедност во истите и надвор од нив;
- контрола и превенција од ширење на заразни заболувања;
- служба за дезинфекција, дезинсекција и дератизација со динамика на реализација на секои 6 месеци, а по потреба и интервентно прскање;
- стручни и едукативни предавања и работилници за вработените и родителите.

***Јавна и културна дејност***

Со цел кај децата да се развие навика за следење и учество на културни манифестаци, спортско-рекреативни настани и подобрување на културно-забавниот живот во текот на целата година ќе организираме и како установа ќе учествуваме на манифестации кои ќе се реализираат во установата и надвор од неа, организирани од Локалната самоуправа и други институции и организации. Во рамки на установата ќе се организираат редовните приредби и пригодни манифестаци кои се поврзани со одбележување назначајни празници и настани, а надвор од установата ќе учествуваме на манифестации организирани од

локалната самоуправа, посети на установи и др. Организирањето и учеството на вакви манифестации е од голема важност како за установата уште повеќе за децата затоа што преку подготовката и учество на приредби децата го збогатуваат својот интелектуален капацитет, збогатување на говорот, правилната артикулација на зборовите, развивање на уметничките способности од областа на драмско изразување, сценски настап, естетските чувства, музичко-ритмичко доживување и тн. Со празнувањето на празниците како Бадник и Божик, Велигден и др. се негува традицијата, нашето минато, корените, а со празнување на празниците поврзани со датум како 8-ми септември, 11-ти октомври, чувства за припадност кон заедницата, а со одбележување на празниците од другите националности, децата се учат да ги почитуваат различностите во секојдневниот живот. Програмата за културна и јавна дејност се реализира според календарот за празници на РСМ, содржините на воспитно-образовната програма и локалните и традиционални празници. Со цел за поуспешна реализација на задачите од воспитно-образовната програма нашата установа е отворена за соработка со поширокота заедница и активно ќе учествува во сите проекти и активности за кои ќе биде поканета. Јавната и културна дејност ќе се реализира и преку остварување на посети на јавни институции од нашиот град како и посета на вработените од локалната самоуправа, полиција, противпожарна служба, медицински центар и други организации со цел запознавање со работата на возрасните. Распоредот на активности ќе се одвива според календарот на значајни датуми кои започнуваат од септември па до јуни.

КАЛЕНДАР НА НАСТАНИ

| | |
|---|---|
| **СЕПТЕМВРИ** | - "Здраво градинке" (прием на новозапишаните деца);<br>-"Мојот дом е најсакано место" (одбележување на 8-ми Септември –денот на независноста на Р.С.Македонија);<br>-"Ден на забите" -12-ти Септември;<br>-"Ден на мирот "- 21-ви Септември;<br>- „Велосипед возам често, здравјето ми е на прво место!" – 22-ри Септември (меѓународен ден „без автомобили"); |
| **ОКТОМВРИ** | -"За сите деца" (прослава и одбележување на |

| | |
|---|---|
| | Неделата на детето);<br>-Светскиот ден на детето (Денот на детето) - се планирни активности за време на целата недела а се одбележува секоја прва полна недела;<br>- “Ден на учителот“ – 5-ти Октомври;<br>- 11-ти Октомври;<br>- 15-ти Октомври до 15-ти Ноември - Денови на книгата;<br>- 16-ти Октомври – Ден на здрава храна (хуманитарна акција);<br>- 23-ти Октомври – Ден на револуционерната борба на македонскиот народ;<br>- 31 Октомври – ден на штедењето. |
| **НОЕМВРИ** | “Да ги оживееме плодовите” – есенска работилница (одбележување на деновите на овошјето и зеленчукот); |
| **ДЕКЕМВРИ** | - “Снежна приказна” (приредби/работилници по повод доаѓањето на зимата);<br>- Новогодишно украсување на занималната/ градинката – работилници;<br>- “Новогодишна бајка” (одбележување на доаѓањето на Нова година);<br>- Снежни игри во дворот на градинката. |
| **ЈАНУАРИ** | - Бадник, Коледе, Божиќ - три празника празнуваме и со семејствата другаруваме;<br>- “Пита со паричка” (одбележување на празникот Василица) |
| **ФЕВРУАРИ** | “Зима, зима е па нека”- зимски активности |
| **МАРТ** | -“За мојата мајка” (приредби по повод Денот на жената);<br>- “Танцот на пролетта” (одбележување на 21-ви Март денот на пролетта) и роденден на градинката;<br>-“Ден на екологија -одбележување на 22-ри Март Светски ден за заштита на водите и дрвото); |

| | |
|---|---|
| | -“Ден на театарот“ – 27 Март |
| **АПРИЛ** | - “Априлијада” (маскембал по повод 1-ви Април денот на шегата);<br>- “Ја сакам природата и учам како да ја чувам” (одбележување на 22-ри Април ден на планетата Земја).<br>29.04.2021 год Ден на танцувањето |
| **МАЈ** | - 15 Мај –“Ден на семејството“<br>- “Садница +” (Засадија својата иднина);<br>- “Велигден на прагот” (празнична веселба по повод Велигденскте празници);<br>- “Збогум градинке” (завршни приредби во сите објекти, со децата од големите возрасни групи) |
| **ЈУНИ, ЈУЛИ И АВГУСТ** | Ден на детето<br>Реализација на летна рекреативна програма:<br>- игри со песок и вода;<br>- рекреативни игри во дворот;<br>- креативни работилници со летни мотиви. |

Министерот за труд и социјална политика во согласност со Законот за празници на Република Северна Македонија во Службен весник ја објавува Програмата за неработни денови. Планирањето на активностите и содржините кои се реализираат во градинката ќе се водат врз основа на календарот за работа, со што истовремено ќе ги одбележиме и значајните датуми. Одбележувањето се организира со уредување на просторот во градинката во знакот на празникот, огласни табли, организирање на прослави, приредби, хепенинзи, базари, настани од хуманитарен карактер, собирни акции, еколошки активности и слично.

Согласно Законот за празници на Република Северна Македонија (Сл. Весник на РМ бр 21/98 и 18/07 во 2019/20 год) неработни денови се:

- 08 септември (петок), Ден на независноста,
- 11 октомври (среда), Ден на народното востание
- 23 Октомври (понеделник), Ден на Македонската револуционерна борба
- 08 Декември (петок), „ Св. Климент Охридски“
- 01 Јануари (понеделник), Нова година
- 06 Јануари (сабота), Бадник

- 07 Јануари (недела), Бижиќ, (неработен ден понеделник)
- 01 Мај (вторник), Ден на трудот
- 24 Мај (четврток) Св. Кирил и Методиј - Ден на словенските просветители
- 2 Август (четврток) Ден на Републиката
- Богојавление, Велигден, Духовден, Рамазан Бајрам и Успение на Пресвета Богородица неработните денови ќе се утврдат Согласно со Програмата за неработни денови на Република Северна Македонија за 2020/21 година.

## *Еколошки календар*

| | |
|---|---|
| 5 март | Светски ден за заштеда на енергија |
| 22 март | Светски ден за заштеда на водите |
| 7 април | Светски ден на здравјето |
| 22 април | Светски ден на планетата |
| 15 мај | Светски ден за заштита на климата |
| 31 мај | Светски ден против пушењето |
| 5 јуни | Светски ден за заштита на животната средина |
| 16 септември | Светски ден за заштита на озонската обвивка |
| 22 септември | Меѓународен ден без автомобили |
| 08 октомври | Меѓународен ден за намалување на уништувањето на природата |
| 15 октомври | Меѓународен ден на пешаците |
| 16 октомври | Меѓународен ден на храната |
| Ден на дрвото – ден на еколошка акција на младите и граѓаните на Република Северна Македонија – ненаставен ден<br>Ден на акција на еко-училиштата- се реализира два пати во текот на една учебна година<br>Ајде Македонија - ден на еколошка акција на младите и граѓаните на РСМ | |

### *Соработка со родителите*

Соработката со родителите е значаен дел од работата на дејноста за воспитание, образование и згрижување на децата. Целта на оваа соработка е остварување на задачите, ставовите и усогласени активности во насока на влијание на детето во текот на неговиот рзвој и воспитувањето во градинката и дома во семејството. Со цел заемно делување на семејството и предучилишната установа неопходно е да се создадат услови за систематска, заедничка соработка и дејствување. Катчето за

родители постои пред секоја занимална и е место на кое родителите може да се запознаат со воспитно-образовните содржини кои се реализираат во моментот и активностите кои произлегуваат од истите и во кои може активно да се вклучат како би помогнале и квалитативно би ја збогатиле самата реализација на темата. Вклучувањето на родителите во работата на установата се реализира низ различни форми и степени и тоа:

1) Информативен степен на соработка кој ќе се реализира преку:

- секојдневни средби на воспитувачките и негувателките при прием и издавање на децата за тоа како поминал денот, какви биле потребите на детето и други битни информаци поврзани со детето;
- групни родителски средби на кои родителите добиваат информации од општ карактер кои се однесуваат на сите деца од групата, програмата која ќе се реализира во текот на годината, проекти и проектни активности во кои ќе бидат вклучени и родителите, потребите на децата во групата за успешна реализација на воспитно-образовната програма како потребен материјал – блок, боички и др.;
- потребата од учество на родителите при реализирање на проектни активности или посети на одредени установи, за учество на родителите во работилници во групата;
- индивидуални рзговори со стручни лица од устновата доколку се јави потреба за тоа;
- децата на гости кај родителите и обратно со цел запознавање со професиите на родителите и професиите воопшто.

2) Едукативниот степен на соработка со родителите ќе се реализира со:

- родителски средби во рамки на кои ќе бидат разгледувани теми актуелни за развојот на децата по избор на родителите или стручниот тим на установата;
- вклучување на стручни лица од различни области (здравствена, педагогија, развојна психологија и др.) кои ќе им помогнат на родителите полесно да се снајдат и справат со непознаниците со кои се среќаваат во одгледувањето на своето дете;
- освен организираните средби со родителите, ќе подготвиме и едукативни материјали во вид на флаери, информативни плакати, пораки со што ќе се олесни соработката, но и ќе се

охрабрат и поттикнат родителите да прашуваат и да разговараат за работи што се од интерес за правилен развој на нивното дете.

Семејството како основна клетка на општеството каде детето ги добива првите сознанија, родителите како најодговорни за одгледување и правилен развој на своето дете, ќе бидат дел од истражувањата кои редовно се спроведуваат во нашата установа со цел добивање на одредени податоци за навиките, активностите и други информации за однесувањето на децата во кругот на семјството, а важни за правилниот развој на децата. Активното вклучување на родителите во реализација на активностите во воспитните групи ја зголемува и поттикнува довербата кај родителите за работата на установата, местото и улогата на воспитувачот во воспитувањето на децата за време на престојот во градинката, согледувањето на работата на установата од друг агол – како учесник во реализација на воспитно-образовните содржини ќе им помогне на родителите да ги усогласат своите активности во воспитувањето и одгледувањето на своите деца со начинот на работа во детската градинка или уште подобро, да бидат коректив на работата на установата; заедно со родителите изготвување на правила за однесување на децата и возрасните во градинката кои што ќе ги почитуваат сите вклучени во воспитно-образовниот процес во установата.

## Проекти и проектни активности

### *Реализација на интерни проекти со децата во Установата*

Главна цел на овие активности е да ги поттикнат речиси сите компоненти на детскиот развој да им го поттикнат интересот, љубопитноста, креативноста, фантазијата и пред се им го прошируваат дијапазонот на сознанија.

Поради тоа што голем дел од она што децата го учат во преучилишна возраст го учат брзо и лесно, детската љубопитност воспитувачот ја негува и поттикнува, имајќи во предвид дека детето никогаш нема да научи толку многу и за кратко време како во предучилишна возраст.

Знаејќи дека тоа е и најуспешниот начин на учење, стручниот тим прилагодува материјали и средства кои на најдобар начин ќе одговорат на детските желби и интереси. Токму од таа причина во современата воспитно–образовна пракса се јавува една нова форма на работа насловена како работа на проекти.

Предлог за проекти за оваа година произлезе од интересот на воспитно–згрижувачкиот персонал и децата како и од желбата да се осознае нешто ново и повеке за областа која до сега не се истражувани.

**Проект ,, Моја хигиена – моја навика ‘‘**

***Вовед:***

Грижата за хигиената е една од основните мерки за зачувување на здравјето. Преку реализација на воспитно - образовниот процес предвиден во програмата, се обезбедува запазување на потребното ниво на хигиена и навиките за водење на личната хигиена.

Проектот „Моја хигиена -моја навика” е систем за запазување на хигиената и хигиенските навики. Со имплементација на овој проект се исполнуваат основните програмски претпоставки на заштита, односно згрижување и едукација на децата од предучилишна возраст до вклучување во основно образование.

***Цел на проектот:***

Проектот има за цел:

- градење на чувство за одговорност и грижа за самиот себе;

- стварање на добри хигиенски навики;

- одржување на потребно ниво на личната хигиена;

- спроведување на мерките и активностите за добивање на навики и потребното ниво на хигиена;

- препознавање на материјалите за одржување на лична хигиена;

- развивање на способност за поставување прашања со цел да добие одговор за непознатото;

- поттикнување и развивање на мисловниот процес;

- одржување на лична хигиена;

- подржување на интерес кај децата за стекнување на нови знаења;

- развивање на способност за искажување и опишување на личните доживувања;

- поттикнување на љубопитност, трпеливости истрајност.

***Планирање на активности:***

- информирање на родителите за потребата од материјалите кои треба да ги обезбедат за лична хигиена на децата и понатамошно одржување на истите;

- практично показен дел од страна на стручниот персонал, за начинот на чување и употреба на материјалите за лична хигиена на децата;

- обележување на материјалите за лична хигиена посебно за секое дете (најсоодветно со исцртување на симбол на приборот со фломастер за ткаенина );

- реализирање на соработка со стоматолог;

- задолжителна активност на миење заби по ручекот;

- чаша, четка и паста

***Целна група:***

Во проектот се вклучени:

- деца од 2 до 6 годишна возраст;

- воспитно – згрижувачки кадар;

- стручни работници и соработници;

- родители.

***Време на реализација:***

- Континуирано во текот на целата година.

***Очекувани резултати***:

- детето стекнува здрави хигиенски навики;

- детето знае да ја одржува личната хигиена;

- детето знае да препознае дел од материјалите за одржување на лична хигиена;

- детето користи неколку начини на искажување на сопствени мисли, чувства и искуства;

- детето пројавува интерес за стекнување на нови знаења;

- детето покажува љубопитност, трпеливост и истрајност;

- детето пројавува интерес за здрави хигиенски навики.

**Проект ,, Семејството и семејните вредности ‘‘**

***Вовед:***

Првиот допир со надворешниот свет започнува од семејството. Семејството е светост а родителите морални икони и ѕвезди водилки. Тоа треба да се негува, чува и почитува. Во семејството се раѓаме, ги споделуваме првите радости, солзи, ги усвојуваме животните навики, се подготвуваме за животните и егзистенцијални потреби, учиме да сакаме, почитуваме. Се воспитуваме за моралните норми и вредности. Семејството е суштинско-коренот на секој човек. Не можеме да влијаеме на генетската структура на некое дете но можеме да оформиме здрава средина и потпомогнеме за формирање на здраво семејство кое позитивно ќе влијае врз развојот на детето .. Семејството е место каде детето треба да се чувствува безбедно, сакано и прифатено Семејството е, и ќе остане најважен столб,основа за секое дете ,а сложното семејство,основа за развивање и растење на детето .

***Цел на проектот:***

Развивање на свест кај децата од предучилишна возраст за важноста на семејството во градење на почит и љубов кон семејните вредности.

***Целна група:***

Во проектот се вклучени:

- деца на возраст од 4 до 6 годишна возраст;

- воспитно-згрижувачкиот кадар;

- стручните работници и соработници;

- родители.

***Време на реализација:***

Континуирано во текот на целата воспитна година интегрирано во целите и содржините на среднорочното планирање.

***Планирање на активности:***

- Подготовка на годишен план за реализација на активностите;

- Поставување на временска рамка за реализација на активностите;

- Определување на целите на активностите во согласност со Програмата за рано учење и развој;

- Организирање заеднички активности со родителите;

- Организирање прошетки, посети со родителите;

- Подготовка на флаер наменет за родителите со акцент на семејните вредности;

- Спроведување на анкета со родителите;

- Организирање на работилници со децата и родителите;

- Советување на родителите во насока на зачувување на семејните вредности;

- Организирање на едукативни предавања и работилници;

- Евидентирање на реализираните активности;

- Одбележување на Меѓународниот ден на семејството (15 мај).

***Цел на планирани и реализирани активности:***

- Да се оспособат да ги именуваат и препознаваат улогите на членовите во семејството;

- Да се развива способност за поставување прашање со цел да добие одговор за нештата кои не се јасни;

- Да се поттикнат и развиваат мисловните процеси, помнење, логично поврзување, селектирање;

- Да се развива способност за стекнување знаења за средината и опкружувањето;

- Да го развијат поимот за себе преку доживување на себеси ( јас-како мал, јас-сега пораснат);

- Да се поддржуваат децата кога пројавува иницијатива и интерес за стекнување на нови знаења и вештини;

- Да се оспособат самостојно да го одржуваат и средуваат просторот во кој престојуваат и живеат;

- Да се оспособат за меѓусебна комуникација со врсниците и возрасните во градинка и семејството;

- Да се развиваат способности за раскажување и опишување на настани и случувања во семејставото

- Да се поттикне формирање на иницијативност, трпеливост, истрајност, љубопитност како особини на личност

- Да се поттикне процесот на воочување и разбирање на временските релации( сега, вчера, утре)

- Да се поттикнат и охрабрат во искажување на сопствените мисли, доживувања, впечатоци

- Да се развиваат и негуват позитивни емоции љубов, радост, среќа, задоволство, сигурност

- Да се поттикнува позитивен емоционален однос кон членовите во семејството

- Да се развива чувство на припадност и меѓусебна доверба во семејството

- Да се поддржува и зајакнува самодовербата и самопочитта кон членовите во семејството

- Да се поттикне и негува чувството на љубов кон семејството

- Да се воведат кон запознавање на елементарните морални вредности со кој се регулира односот кон себе и кон другите ( почит, добро однесување, солидарност, хуманост).

***Предлог активности и содржини:***

- Моето семејство (изработка на ѕиден албум);

- Изработка на семејно стебло;

- Гостување на родител во градинката;

- Ораганизирање на творечки игри со импровизирани макети на семеен дом;

- Посета на различни семејство ( во град и село, потесни и пошироки,од различни етникуми), правење компарација и воочување разлики;

- Организирање излети во соработка со родителите;

- Посети по повод родендени,имендени, прослави и празници;

- Организирање хуманитарна акција заедно со децата и родителите;

- Организирање театарски претстави;

- Изработка на патувачка книга за случки во семејството;

- Организирање на ликовна работилница со награден карактер;

- Организирајње заедничка посета на децата и родителите во театар и следење на театарска претстава;

- „Родителите глумат“ ( покана за родителите да изработат кукли кои ќе ги искористат во претставата, организирање куклена претстава за родителите и децата, куклена претстава во која родителите ќе глумат);

- Организирање на приредба од децата за родителите.

***Очекувани резултати:***

- Поставува прашања кога нешто не му е јасно или за нешто што го интересира;

- Користи неколку начини на искажување на сопствените мисли, чувства и искуства;

- Детето со свои зборови ја искажува љубовта кон семејството;

- Детето ги именува членовите во семејството;

- Детето може да се опише себеси како изгледа кога е среќно и што го прави среќен;

- Умее да наброи неколку обичаи кои се практикуваат во нивниот дом;

- Набројува свои обврски и активности како член на воспитната група и семејството;

- Детето покажува истрајност во превземените активности;

- Може да објасни со свои зборови разни постапки во односот со другите;

- Покажува неколку начини на љубов и почит кон семејството;

- Знае за карактеристичните одлики на сопствената култура;

- Набројува неколку семејни празници;

- Детето самостојно се грижи за хигиената во градинката и домот;

- Детето покажува одговорност кон обврските во домот и градинката.

**Проект „ Рециклирање на имагинација "**

***Вовед:***

Со овој проект се врши едукација на децата од предучилишна возраст, за бенефитите од селектирањето на отпадоци и негово рециклирање.

Иницијативата на овој проект е општа култура на новите генерации во знаење дека животната средина е клучна предност која треба да биде заштитена. Здравиот начин и свеста за проблемите на животната средина, за кои треба да сугерираме за поголемо внимание и почитување на правилата за заштита на светот и неговите ресурси. Трасата започнува од природната љубопитност како и возбудата за истражување и откривање.

Интеракцијата и секојдневните активности со врсниците како и возрасниот кој му овозможува да ја насети потребата да ги следи правилата на однесување, за да се чувствува подобро во средината во која живее.

***Цел на проектот:***

Проектот има за цел:

-да им понуди на децата добри животни навики;
-лична одговорност за заштита на животната средина;
-правилно рециклирање на отпад;
-да се намали обемот на мешан отпад.

***Целна група:***

Во проектот се вклучени:

-деца од 3 до 6 годишна возраст;
- воспитно - згрижувачки кадар;
-стручни работници и соработници;
-родители;
-други вработени во установата.

***Време на реализација:***

Континуирано во текот на целата година.

***Планирање на активности***:

- гледање на анимирни филмови за еколошки прашања;
-симулациски игри на сепарирање отпад;
-изработка на предмети од материјали за рециклирање;
-изложба на предметите изработените од децата.

***Цел на планирани и реализирани активности:***

- да се оспособи да ги препознава материјалите за рециклирање;
- да се развива способност за поставување прашања со цел да добие одговор за непознатото;
- да се поттикне и развие мисловниот процес, помнење, селектирање;
- да се развива знаење за животната средината;
- да се подржуваат децата кога пројавуваат интерес за стекнување на нови знаења;
- да се развива способност за искажување и опишување на нови настани;
- да се поттикне љубопитност, трпеливост, истрајност:

***Очекувани резултати:***

- детето препознава дел од материјалите за рециклирање;
- детето поставува прашања кога нешто не му е јасно;
- детето користи неколку начини на искажување на сопствени мисли, чувства и искуства;
- детето пројавува интерес за стекнување на нови знаења;
- детето покажува љубопитност,трпеливост и истрајнос;
- детето пројавува интерес за зачувување на животната средина;
- детето своето искуство го пренесува и на другите деца.

***Мотивација:***

- решавање на проблеми;
- игровни активности.

***Помагала и материјали:***

- ќе се користат материјали за лесна употреба (хартија, пластични чаши, шишиња...) и сл.
- илустративни книги;

- т.в. видеа.

**Проект ,, Бонтон за деца "**

**Мото : ,, Однесувај се убаво и пристојно "**

***Цел на проектот:***

Едукација на деца од предучилишна возраст за значењето на убавото и пристојно однесување што ќе им овозможи полесно прифаќање во општеството и подобар живот. Целна група: Директни корисници на проектот се деца на возраст од 4-6 години. Индиректни корисници се воспитниот кадар во градинките и родителите.

***Анализа на проблемот:***

Бонтонот претставува кодекс на однесување на кој треба да се придржува секој припадник на општеството. Бонтонот подразбира правила на убаво и пристојно однесување во било која ситуација од секојдневниот живот и најстрого ги осудува навредите и физичките пресметки. Тој нè учи како треба да се изразуваме, однесуваме и комуницираме во секој момент и зборува за нивото на развиеност на нечија култура, од што може да се изведе заклучок дека облиците и правилата на однесување не се идентични во сите делови од светот. Бонтонот секогаш се адаптира на ситуациите и потребите на луѓето кои живеат на одредена територија или општество, а со цел да овозможи пријатна атмосфера. Бонтонот за деца подразбира низа на постапки, кои се бараат од нив да ги направат. Доколку постапуваат на начин како што се бара од нив, тогаш ги сметаат за воспитани, но ако постапуваат спротивно, ги сметаат за невоспитани. Но децата не ги познаваат правилата на пристојно однесување, поради што често пати не по своја вина се непристојни. Правилата на однесување што детето ќе ги научи во детството, со сигурност ќе ги памети цел живот. Интензивниот начин на живот во кој живееме денес, недостатокот на култура на однесување, рушењето на моралните и етичките вредност резултираше со промени во однесувањето на возрасните. Во трката за егзистенција родителите имаат се помалку време да се посветат на своите деца за правилно да ги едуцираат и воспитуваат. Овие состојби доведуваат кај децата до немање на елементарно пристојно однесување и развивање на чувство на нетрпеливост,

конфликтност, непочитување на постарите лица, родителите, другарите и пријателите. Ова е проблем кој треба да се надмине, затоа што неговото игнорирање би значело рушење на целиот вредносен и општествен систем. Една таква деструктивна состојба е секако загрижувачка и заслужува да се посвети внимание и да се реагира навремено, со цел да се спречат последици кои можат да произлезат и да се овозможи подобар и поквалитетен живот на децата и на луѓето воопшто. За да се овозможи подобрување на состојбите потребно е ангажирање и вклучување на целокупната заедница, воспитувачите, родителите и сите останати лица кои можат да влијаат на убаво и правилно однесување на децата. Особено родителите и воспитувачкиот кадар во градинките треба да бидат пример од кој децата ќе учат како да се однесуваат. Детектирајќи ги овие состојби, а заради нивно надминување локалната самоуправа, детската градинка и Сектор за внатешни работи во општината настојуваат преку имплементација на проектот „Бонтон за деца“ во програмските активности на градинката, да се допринесе за поголема едукација и подобрување на однесувањето на децата, воспитниот кадар, но и родителите. За таа цел ќе се спроведуваат повеќе активности кои ќе ја зголемат самодовербата, самопочитта и позитивното мислење кај секој од инволвираните чинители. Тоа би допринело и за поквалитетно живеење, поголема толеранција, спречување на конфликти и меѓусебно почитување. И секако примена на познатата изрека „Убавиот збор железни врати отвора“ што ја потврдува потребата и нашите стремежи од спроведување на овој проект, кој доколку континуирано би се спроведувал на подолг период ќе ги даде очекуваните резултати за создавање на покултурна општествена средина.

***Активности:***

- примена на прирачникот „Бонтон за деца“ и „Ѕвони ѕвон за бонтон“ одобрени од МТСП;

- влијание врз воспитниот кадар и родителите преку едукација правилно да ги воспитуваат децата;

- едукативни средби со припадниците на секторот за превенција кои ќе ги едуцираат за начинот на однесување на јавни места, на улица и во сообраќајот;

- секојдневни едукативни активности со децата за правилно и културно однесување, преку игри, драматизации, приказни, разговори и практична примена на наученото во секојдневниот живот во градинката и со посети и гостувања во разни институции со цел зголемена социјална активност;

- зголемена комуникација со лица од различни возрасти и професии и можност за децата да се реализираат себе си со се што совладале од областа на културното однесување;

- предочување на последиците за безбеден и сигурен живот од правилно и неправилно однесување во одредена ситуација со практични примери од секојдневното живеење;

- развивање способности;

- прикажување на видео материјал преку кој децата ќе се едуцираат како треба да се однесуваат;

- подготовка и реализација на театарска представа од страна на вработените или реномирана театарска група со претстава со соодветна содржина;

- подготовка и реализирање на приредба посветена на убавото и пристојно однесување;

- евидентирање на активностите со фотографии и видео записи;

- искажување преку цртежи и други креативни идеи на детските чувства и наученото од активностите и креирање на изложба од истите;

- медиумска кампања .

При презентирањето, демонстрирањето и меѓусебната интеракција, ќе се внимава истите да бидат во согласност со возраста и можностите на децата и нивниот физички и социо-емоционален развој.

***Фактори кои го определуваат проблемот*:**

срединските фактори, културата, социо-економската состојба на семејството од кое доаѓа детето, отстапки или грешки во воспитните влијанија дома или во градинка врз детето, од личните карактеристики на детето, темпераментот, недоволното животно искуство, заради што неможат правилно да ги поврзат и сфатат

појавите и последиците, потребата од активност и движење, кои можат да ги доведат до несакани ситуации, делумно како последица од стекнати погрешни претстави за правилно однесување по примерот на возрасните. Љубопитноста како една од најзначајните фактори која го тера детето на активност, откривање, поврзување, учење, стекнување знаења, навики и вештини. Децата во својата активност се стекнуваат со позитивни и негативни искуства. За да се постигнат целите, а во функција на подобрување на начинот на однесување се планира запознавање на воспитните тимови и родителите.За почеток ќе се спроведува со децата од 5-6 годишна возраст во сите објекти на градинката, со интенција да премине во континуиран процес кој ќе опфаќа и деца од помала возраст зависно од нивниот интерес и нивните можности.

***Активност 1:*** Се планира одржување средби и работилници со воспитните тимови за да се презентираат активностите кои треба да се изведуваат со децата, во функција на овој проект, а притоа да направат соодветна интеграција во постојните програми и корелација со нив . Ќе бидат опфатени воспитувачите и негувателите,

***Активност 2***: Полициските службеници кои ќе комуницираат со децата во меѓусебната интеракција при презентирањето и демонстрирањето на активностите ќе се прилагодат во согласност на возраста на децата и ќе внимаваат на нивниот социо-емоционалниот развој, а тоа ќе се постигне во соработка со воспитните тимови и полициските службеници од секторот за превенција, а ке бидат опфатени децата на возраст од 4 до 6 години.

***Активност 3***: Информирање на родителите за активностите и нивно активно вклучување во реализацијата на истите.Од нив се очекува еднаков пристап во воспитувањето на нивните деца со градинката. Ќе се информираат сите родители и Советот на родители.

***Активност 4:*** За почеток ќе бидат опфатени децата од воспитните групи (4-6 годишна возраст) со кои ќе се организираат сите предвидени активности (разговори, презентации), а помалите ќе бидат вклучени во активностите за изработки на цртежи со цел постепено да се воведуваат во проектот.

***Активност 5***: За оваа активност предлагаме примена на прирачник за бонтон за деца „Бонтон за деца“ со соодветна содржина одобрен од МТСП.

***Очекувани резултати:***

Преку реализација на овој проект се планира да бидат опфатени сите деца (на возраст од 4-6 години) во сите активности, а во дел од нив, ќе бидат вклучени и децата од две и три годишна возраст со цел нивна подготовка и запознавање со проектот кој планираме да има свој континуитет и одржливост секоја наредна година. Во запознавањето со Бонтонот за деца ќе бидат опфатени и воспитниот кадар од сите објекти на градинките со цел да се подобри начинот на комуникација со децата што ќе биде пример за однесување на децата. Воедно преку учество во дел од активностите ќе се запознаат и родителите со начинот на разговарање со своите деца и како да ги воспитуваат, со што ќе се придонесе за развој на партнерски односи меѓу локалната самоуправа, градинката, родителите и пошироката општествена средина, во воспитувањето и градењето на личноста на секое дете. Очекуваме прифатеност на проектот од сите фактори особено од децата ,со што ќе придонесеме за нивно правилно, културно и безбедно однесување и живеење. Децата да знаат кога и како да се однесуваат, да го почитуваат правилното однесување и да го критикуваат неправилното. Стекнатите знаења децата да ги применуваат и пренесуваат во сите контакти како со врсниците така и со повозрасните од себе, како би влијаеле корективно на оние кои сеуште ги немаат осознаено или грешат во постапките.

***Одржливост на проектот:***

Проектот се спроведуваше минатата година, а планираме и понатаму да се спроведува секоја година. На тој начин децата ќе се едуцираат на правилно однесување кое понатаму ќе овозможи истите да бидат пример и да го пренесат тоа на своите врсници додека се во градинка, додека играат со своите другарчиња во своето маало, а и подоцна кога ќе се запишат во основно училиште. Во реализацијата на овој проект ќе бидат вклучени Министерство за внатрешни работи и припадниците на секторот за превенција при Сектор за внатрешни работи во општината, со што ќе овозможиме подолгорочна соработка и рушење на предрасудите за воспоставување на поблизок однос со децата и влијание врз нивнот

правилно однесување во средината, на улица и во сообраќајот, со што се истовремено се надминуваат предрасудите и наметнатите мислења за значењето на полициските службеници и стекнување на поголема доверба во нив.Заради одржливост на овој проект очекуваме активностите да продолжат и со одржување на едукативни средби со прводеленчиња во основните училишта во општината како би придонеле во градењето на идни правилно ориентирани граѓани, репрезенти на својот град и на Републиката каде и да се, како деца и возрасни личности во иднина. За успешно реализирање на проектот се воспоставува соработка меѓу детската градинка, Локалната самоуправа и Секторот за внатрешни работи. Превземањето и поддршката на заеднички и усогласени институционални активности, вклучувањето на родителите и работата со родителите, односно вклучувањето на пошироката општествена средина ќе овозможи развивање на партнерски односи при што со заеднички напори ќе се влијае врз правилниот развој и однесување на децата.

**Проект „ Градот низ детските очи “**

***Вовед:***

Проектот е во согласност на Принципот на еднакви можности и почитување на различностите меѓу децата и Принципот на мултикултурализам од Програмата за рано учење и развој.

Воспитно – образовните активности планирани со Проектот се однесуваат на деца од пет до шест годишна возраст..

Воспитно - образовните активности планирани со проектот, за деца од пет до шест годишна возраст, треба да се реализираат во период од 1 октомври 2019 година до крај на месец мај 2020 година.

***Општи цели, насоки и приоритети на спроведување на проектот „Градот низ детските очи”***

Проектот „Градот низ детските очи" има за цел развивање на љубов, интерес, чувство на патриотизам,почитување, грижа и одговорност кон сопствената татковина, народ, родното место и местото на живеење. Целта на проектот е во согласност со Принципот на еднакви можности и

почитување на различностите меѓу децата и Принципот на мултикултурализам од Програмата за рано учење и развој.

***Активности:***

- Организирање на посета на децата од детската градинка на места каде се поставени споменици, спомен - куќи и други културни обележја;

- Организирање на ликовни работилници со вклученост како на децата така и на родителите, организирање и реализирање на приредби, прослави и манифестации од интерен карактер во кои содржински ќе бидат опфатени, разработени и доближени до децата историското и културното минато и сегашност на нашиот народ и нашата држава;

- Организирање на детски мини - фестивали;

- Организирање на куклени претстави (креирани од стручната служба и воспитувачите во градинката на тема "За градот ....");

- Организирање на изложба и прогласување на најкреативно изработени ликовни дела во најразлична ликовна техника, на ниво на градинка,

**Упатство за здрави животни навики ,, Детето е градител на човекот “**

***Цел на проектот:***

- Развивање на самостојност и независност кај децата во извршувањето на секојдневните активности;
- Развивање на свесност и безбедно однесување;
- Развивање на способноста за вршење сукцесивни дејствија;
- Развивање на самостојност и превземање на одговорност кајдецата во грижата за личната хигиена;
- Развивање на свесност кај децата за грижа за надворешната околина;
- Усвојување на вештини за социјално прифатливо и пристојно однесување во интеракција со останати лица;
- Зајакнување на функционална комуникација меѓу децата;
- Развивање способности за прифаќање на различностите, емоциите и потребите на другите;
- Развивање на независноста, самодовербата и одговорноста кај децата;

- Развивање на позитивни ставови кај децата во врска со престој во надворешна средина и зајакнување на нивната интеракција со околината;
- Усвојување на вештини кај малите деца за практикување на здрави животни стилови.

***Како целна група во проектот вклучени се:***

- Децата од сите воспитни групи;
- Воспитно – згрижувачкиот тим;
- Стручни работници;
- Останати вработени во Установата;
- Родителите.

**Проект ,,Во светот на бајките ,,**

**Вовед**

Овој проект ќе се реализира со децата од 5-6 годишна возраст.

Цел на проектот е децата да влезат во светот на бајките, да ги осознаат ликовите од бајките, да се поттикнува нивната фантазија, да се збогатува речникот и развива говорот, да се запознаат со имагинарниот детски свет каде се е возможно и реално.

Се очекува избраните содржини, активности и работилници да развијат интерес кај децата, да ја разбудат нивната љубопитност, креативност и да ги прошират нивните сознанија.

*Октомври:*

-Што е бајка?

-Знајни и незнајни бајки

*Ноември:*

**-**Една нова бајка - читање и обработка

**-**Во светот на бајката - креативна ликовна работилница со децата

*Декември:*

-Ние сме волшебни ликови - драматизација

-Го сакаме театарот

*Јануари:*
-Музика во бајките

*Февруари:*
-Бајки со принцези - квиз препознавање и опишување
-Принцези во бајките - ликовни работилници

*Март:*
-Нашата бајка - содржини, ликови, музика, драматизација

*Април:*
-Замок, крал, принцеза
-Театарска претста
*Мај:*
-Изработка на пано

**Проект ,, Пчелата и медот,,**

Овој проект ќе се реализира со деца од 5-6 годишна возраст. Очекуваме избраните содржини да развијат интерес кај децата,да ја разбудат нивната љубопитност и да ги прошират нивните сознанија.

Цел на проектот е оспосбување за разбирање на важноста на сопственото здравје и благосостојба.

*Октомври:*
-Пчела - карактеристики
-Мед - производ

*Ноември:*
-Пчеличката Маја - анимиран филм ,,Медени игри,,
-Пчеличката Маја - анимиран филм ,, Кошница,,

*Декември:*
-Мојата пчелка - творечка работилница
-Лажица мед на ден и здав сум како дрен - дегустација

*Јануари:*
-Пчеличка и дете - песна Златно славејче 1990 год.

*Февруари:*
-Чичко пчелар - професија

*Март:*
-Остарата стрела на малата пчела - емоции

*Април*:
-Пролетна прошетка

*Мај:*
-Медени колачиња од малите дечиња

**Проект ,, Годишни времиња,,**

Овој проект ќе се реализира со децата од 4-5 годишна возраст.

Целта на овој проект е дечињата од оваа возрасна група да ги разберат годишните времиња, да ги научат месеците, преку сите промени кои ги носат.

*Октомври:*
-12 месеци - една година ( постер со месеците)

*Ноември:*
-Зошто има годишни времиња?
-Колку годишни времиња годината има?

*Декември:*
-Што сака да прави Листот во есен
- Мразулко во зима

*Јануари:*
-И во зимата се спортува
-Музичка игра-4 годишни времиња

*Февруари:*
-Што сака мразулко да орави во зима-квиз

*Март:*

-Разиграните инсекти и распеаните птици на мирисната полјана

*Април:*

-Сончко во лето

*Мај:*

-Што научивме

## СЛЕДЕЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗГРИЖУВАЧКАТА И ВОСПИТНО - ОБРАЗОВНАТА РАБОТА

Унапредувањето и следењето на згрижувачката и воспитно-образовната работа во детската градинка „Бамби“ Македонска Каменица ќе се реализира преку планот и програмата за работа на:

- Стручен совет
- Совет на воспитувачки
- Совет на негувателки
- Директор
- Стручните работници
- Стручните соработнци

***Стручен совет***

Стручниот совет го сочинуваат директорот, стручните работници како постојани членови и преставници на вработените кои вршат стручни работи, по еден преставник од Советот на воспитувачи и Совет на негователи на ниво на секој објект.

Во текот на годината тој ќе ги реализира следните задачи:

- формирање воспитно - образовни групи;
- разгледување Годишна програма за работа на установата и посебни планови за работа;
- разгледување, следење и планирање на содржините од Развојниот план на установата;

- разгледување на актуелна стручна литература и периодика;
- разгледување и усвојување новини во работата;
- разгледување и усвојување Годишна програма за стручно усовршување на кадарот и работа на стручните тела;
- решавање прашања од витално значење за градинката и сл.

### *Совет на воспитувачи*

Советот на воспитувачки го сочинуваат сите воспитувачки од установата и истиот во текот на годината преку редовните средби ќе разгледува прашања од различни области кои произлегуваат од спецификата на работа но и од моментално актуелни проблеми како:

- едукација за имплементација на новата програма за ВО работа, за водење на педагошка евиденција како дневник за работа во група, глобално, тематско и дневно планирање, водење на досие за детето;
- поделба на посебни задолженија по градинки како и естетско и функционално уредување на просторот;
- организирање на родителски средби и работилници по одредени теми важни за развојот на детето;
- изготвување и реализирање на план на активностите кои ќе се реализираат по повод одбележување на Недела на детето и други позначајни датуми;
- планирање и реализација на културно-забавниот живот, приредби, прослави и манифестации;
- запознавање на децата со елементи од народниот фолклор и народното творештво;
- организација на натпреварувачки игри, заеднички игри на родителите, децата и воспитно - згрижувачкиот кадар;
- разгледување и усвојување на извештаи, анализи, резултати од воведени новини и сл.;
- следење на непосредната работа со децата;
- усовршување на воспитно - образовниот процес (евалуацијата, самовреднувањето, стручното усовршување);
- учество на стручни собири;
- разработка на стручна литература и периодика;
- јакнење на самодовербата и соработката кај кадарот;
- оплеменување на ентериерот и екстериерот на градинката;

- планирање и усовршување на учествата во јавни и културни манифестации;
- пренесување искуства од непосредната работа со децата;
- јакнење на комуникацијата со децата и правилен третман на детската личност.

Своите задачи Советот ќе ги реализира преку различни форми на дејствување и тоа:
- разработка на стручни теми (теоретски излагања);
- дискусии;
- тренинзи (практични усвојувања на сознанија и вештини во рамките на состаноците и разговор по нив);
- истражување и информирање за резултатите од него.

Во врска со непосредната работа со децата ќе бидат разработувани најновите сознанија за развојот на детската личност воопшто, а посебен акцент ќе се стави на емотивниот, когнитивниот и моралниот развој, техниките на приод и прифаќање на секоја детска индивидуа и нејзин развој, за која цел по потреба ќе бидат поканети и стручни лица од надвор. Истото ќе се разработува на неколку состаноци (или во други посебни термини) и ќе има за цел да го усовршува методскиот приод во воспитното влијание врз децата.

Евалуацијата и самовреднувањето, иако досега разработувани, исто така ќе бидат ставени во функција на усовршување на непосредната работа со децата, а преку стручно усовршување за начините, постапките на вреднување и согледување на резултатите од него. Во текот на својата работа членовите на Советот ќе бидат активирани и практично ангажирани во решавање на ситуации од различен тип. Во текот на годината можни се разработки на теми и литература поврзани со некоја моментална актуелна проблематика во воспитно-образовната работа. Во рамките на теоретскиот дел ќе биде разработена и стручна литература, која е актуелна. За остварување на својата дејност Советот ќе се раководи според интерна годишна програма со месечни распределувања на содржините во неа. Ќе се состанува еднаш во месецот во полн состав, еднаш во неделата - консултативно по објекти, а по потреба и почесто.

Активот на воспитувачки редовно ќе одржува консултативни состаноци и разговори со родителите, стручната служба и

директорот како: консултативни разговори со стручната служба, родителите и директорот за развојните карактеристики на поединецот и групата во целина од сите аспекти за полесна адаптација на децата; согледувања и размена на информации меѓу родителите и воспитувачите за постигнатите резултати во развојот на децата; известување за новоизлезена литература, разговори, консултации и насоки за користење на истата; меѓусебни консултации на воспитно-згрижувачкиот кадар, педагог, музички соработник за организација и реализација на сите културни и јавни манифестации.

***Совет на негуватели***

Советот на негувателки го сочинуваат сите негувателки од установата. Во текот на годината ќе решава прашања од згрижувачко-воспитен и превентивно-здравствен карактер. Задачи на Советот на негувателки во текот на годината ќе бидат:

- унапредување на згрижувачко-воспитната дејност преку водење на тетратка за грижа за децата;
- задолжително дневно планирање на слободните активности според СРДР, во корелација со насочените активности или според интересите на децата, а сé во насока на достигнување на развојот на одреден стандард од одреден домен;
- грижа и превентивно здравствено делување кај децата;
- правилната исхрана - значаен фактор за правилен развој на децата;
- правилно држење на телото (откривање и укажување на стручните служби и родителите при детектирање на некои неправилности);
- санитарно-хигиенски услови во објектите (занималните);
- присуство на едукативни работилници, семинари и имплементација на стекнатите знаења;
- естетско уредување на просторот во и пред занималната.

Покрај тоа активот на негувателки редовно ќе одржува консултативни разговори со родителите, стручните служби, директорот, а по сопствено согледување ќе дава предлози за потреба од организирање на предавања по одредени актуелни теми од стручни лица за таа проблематика, со цел унапредување и

подобрување на воспитно-образовната и згрижувачката работа во градинката.

Стручните активи ќе обработуваат теми од превентивно здравствен карактер, исхраната на децата, емоционалниот развој на децата, развојот на културно-хигиенските навики кај децата, развој на воспитно-образовниот потенцијал кај децата, развој на моториката, непосредна работа со децата на полето на развивање на логичкото мислење преку организирање на многубројни истражувачки активности и игри со чија помош ќе се осознава самото себе, својата околина и тн. За унапредување на воспитно - образовната работа ќе се планираат активности кои ќе се реализираат преку индивидуални и колективни форми на работа.
Индивидуалната форма на соработка ќе ги опфаќа редовните средби на педагогот со вработените со давање на насоки за реализирање на одредена тема или активност, користење на стручна литература, водење на тетратките за грижа за децата, следење и користење на новоиздадена литература, следење на активности нови технологии. Колективниот начин на соработка ќе се реализира преку стручни средби на ниво на работна единица, тематско планирање на нови содржини, посети, манифестации и работилници во други градинки од градот и Републиката, но и организирање на работилници во нашата градинка со цел размена на искуства, идеи и збогатување на познавањата од работа со различни материјали и техники за изработка на нагледни средства потребни во секојдневната работа.

Преку редовно организирање на средби со активите на воспитувачки и згрижувачки работници, постојано и навремено ќе ги пренесуваме сознанијата стекнати на семинари, или учество на некои проекти, организирање на предавања од стручни лица со цел унапредување на воспитно-образовната работа, или пак за актуелни теми од областа на развојот на предучилишните деца.

## ПОДРАЧЈА НА ПРОМЕНИ, ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ

Врз основа на поставените области во Развојниот план на установата за деца за периодот 2018-2023 година и планираните подрачја на промени, приоритети и цели, како и тргнувајќи од нашата визија и мисија, во Годишната програма за работа на

детската градинка за периодот 2020/21 година ќе се посвети внимание на следново:

МИСИЈА - Градинката е посветена на секое дете. Раководниот, стручниот , воспитно-згрижувачкиот кадар, родителите и членовите на локалната заедница се партнери во обезбедувањето на стимулативен амбиент кој го поддржува раниот детски развој. Секојдневно се планираат и реализираат актувности за рано учење и развој базирани на Стандардите за рано учење и развој користејќи ја играта како доминантен инструмент за учење. Почитувајќи ги детските индивидуални потреби, можност и интереси, градинката претставува средина која ја поттикнува љубопитноста, креативноста и иницијативата кај децата и овозможува развивање на компетенции и вештини за понатамошен успех во општественото живеење.

ВИЗИЈА - Сите деца да имаат еднакви можности за пристап до разни форми за поттикнување на раното учење и развој, без разлика на нивните индивидуални развојни можности. Градинката обезбедува здрава и стимулативна средина која го поддржува развојниот потенцијал на секое дете и континуирано гради партнерски односи со семејствата.

1. Област - Програми и планови

- изработка на рамка за изготвување на годишната програма за работа на детската градинка
- подготовка на годишна програма за работа на детската градинка
- подготовка на годишен (акционен) план за работа на детската градинка
- реализација на годишната програма и план за работа на детската градинка

2. Област – Згрижување и воспитание

- одржување на хигиената во детската градинка
- обезбедување на квалитетна и здрава храна
- информирање на родителите за здравјето на децата
- обезбедување на безбедност при престој на детето во детската градинка
- поттикнување на различностите, мултикултурализам

3. Област – Детски развој и напредок

- планирање на воспитно-образовниот процес
- формирање на инклузивен тим
- реализација на годишно и тематско планирање
- следење на планирањето и реализација на воспитно-образовниот процес
- следење и документирање на напредокот на детскиот развој
- едукација на воспитниот и згрижувачкиот кадар
- информирање на родителите за напредокот кај децата

4. Област – Поддршка на децата и семејството
   - подготовка на програма за работа на советувалиште за деца и родители
   - подготовка на децата за градинка и премин од градинка во училиште
   - вклученост на родителите во работата на детската градинка

5. Област – Етос
   - подготовка на кодекс на однесување
   - естетско уредување на просторот
   - промовирање на работата на детската градинка
   - изготвување на правилник со критериуми за наградување на вработените и децата

6. Област – Ресурси
   - измени и дополнувања на Правилник за организација и систематизација на работата на детската градинка
   - професионално надградување и усовршување на вработените
   - збогатување на дидактички и игровен материјал
   - подготовка на стимулативен амбиент за игра и учење

7. Област – Раководење, организација и обезбедување на квалитет
   - зголемување на комуникацијата преку електронската мрежа и сите релевантни фактори
   - координирање на работата во детската градинка

## ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ДИРЕКТОРОТ

За воспитната 2020/2021 година, директорот на установата своите ангажирања ќе ги насочува кон целосно реализирање на

програмските задачи, како главен организатор и координатор на целокупната дејност на детската градинка. Новото време и современите достигнувања во предучилишната наука и практика бараат и осовременување и унапредување на работата во градинката. За таа цел, директорот работата ќе ја реализира во рамките на Законите, задачите и надлежностите кои се утврдени со Статутот и актите на Установата, а ќе биде насочена кон следните подрачја:

- административно – организациска работа;
- непосредна работа со стручните органи во градинката;
- аналитичко-студиска работа;
- соработка со родителите;
- приоритети во остварување на дејноста.

**Административно – организациската работа ќе се одвива во следниве насоки:**

- Континуирано следење и координирање на работењето на установата во целост, спроведување на одлуките на Управниот одбор, Советот на родители, соработка со органите и телата на локалната самоуправа и МТСП;
- Подготвување на Годишната програма за 2020/2021 и Извештај од работа на на градинката за 2019/20 год.;
- Имплементација на новите правилници за работа во установата, согласно измените на законот за детска заштита;
- Ќе ја следи, координира и насочува воспитно-образовната и згрижувачката дејност и ќе предлага мерки за нејзино унапредување;
- Организира уредување на објектите и отстранување на сите хигиенско-технички недостатоци пред почетокот и во текот на целата година;
- Конкретизација на содржините во планот на здравствена заштита, исхрана, јавна и културна дејност;
- Формирање на воспитните групи и распоред на вработените;
- Анализа на финансовото и материјално работење;
- Редовни средби со вработените во кујна, технички персонал и другите тела во установата;
- Целосно ќе учествува во подготвувањето на листите за јадење и набавка на храна според нормативите предвидени од Заводот за економика и домаќинство;

- Ќе се залага за одговорно извршување на работните задачи од сите вработени, за успешно реализирање на предвидените активности;
- Директорот ќе се залага за подобрување на општите услови за работа, изнаоѓање простор за прифаќање на што поголем број на деца кои моментално се на листа на чекање, со тоа и отворање на нови воспитни групи, нови вработувања и подобрување на стандардот на децата и на вработените во Установата и изнаоѓање спонзорства и донации, кои ќе имаат за цел да го подобрат животот на децата во Установата;
- Дополнување и обновување на дидактичките и основните средства за успешно спроведување на задачите предвидени со оваа Програма;
- Редовна контрола над работата на административно - финансиско работење на градинката;
- Учество во изготвување на тендерските документации, за успешно реализирање на Планот за јавни набавки во Установата.

**Непосредна работа со стручните органи во градинката:**

Работата со стручните органи ќе ја реализира перманентно со планирање и програмирање на работата на: Стручниот совет, Совет на воспитувачи и Совет на негуватели:

- раководење со стручните органи преку иницирање на активности за решавање на определени прашања и подготвување материјали, почитувајќи ги законските прописи;
- следење и евалуација на работата на одговорните воспитувачи во објектите и стручна поддршка во дадена ситуација.

**Аналитичко-студиската работа ќе ја реализира со:**

- анализирање и проучување на глобалните планирања на ниво на градинката;
- изготвување на анализи, извештаи, информации и други стручни материјали во врска со реализација на Програмата за воспитно-образовната дејност во предучилишното воспитание и образование;
- следење и анализа на месечната потрошувачка за исхрана на детето, со цел да се утврди цената на чинење на услугите за престој на детето во установата;

- следење и анализа на табели и прегледи за бројот на запишани и отпишани деца, присуство и отсуство на децата, и исполнетост на капацитетот по објекти со предлог мерки за евентуални корекции во однос на одржувањето на бројната состојба на децата по воспитни групи;
- следење и навремено уочување на потреба од евентуални промени на кадарот, со цел да се придонесе за нормално извршување на работата и подобрување на резултатите во работата;
- упатување и оспособување на воспитувачите, стручните работници и стручните соработници за аналитичко студиска работа.

**Соработка со родителите:**

Вклучувањето на родителите во Советот на родители и непосредната соработка би се одвивале на следниов начин:

- редовна комуникација со родители на децата кои престојуваат во Установата преку индивидуални разговори, присуство на родителски средби групни средби, едукативни средби и други форми на соработка;
- вклучување на родителите во соодветни активности во градинката заради подобрување на работа;
- иницирање и организирање на општи родителски средби;
- советодавна работа со родителите на децата кои престојуваат во градинката (информации, разговори, искуства и непосредно во индивидуални средби);
- организирање стручни средби со родителите на децата од градинката, со цел да им се дадат насоки за правилно воспитување и одгледување на нивните деца во семејството;
- прифаќање предлози, спонзорства и донации од родителите – подобрување на квалитетот на комуникацијата воспитувач-родител, негувател-родител, вработен-дете, со цел да се создаде меѓусебна доверба и сигурност;
- воспоставување партнерски однос со родителите и нивно поактивно вклучување во реализацијата на Програмата;
- соработка со организации и институции во однос на афирмација на градинката.

Интензивирањето на соработката со организации и институции за афирмирање на градинката ќе се реализира со:

- организирање соработка на детската градинка со други стручни органи и институции од градот, државата и надвор од неа;
- интензивирање и непосредна соработка со Локалната самоуправа на Општина М.Каменица, Градоначалникот и Раководителот на сектор, поради успешно остварување на основната функција на градинката и подобрување на условите за престој на децата во неа;
- непосредна соработка со МТСП;
- непосредна соработка со Бирото за развој на образованието на РСМ, во рамките на реализација на воспитно-образовните содржини;
- соработка со Филозофскиот и Педагошкиот факултет - соработка со предучилишни установи во државата и пошироко;
- соработка со организации и институции од областа на воспитанието и образованието, науката, здравството, социјалните дејности, стопанските субјекти, медиуми и слично.

**Приоритети во остварување на дејноста:**

За успешно остварување на Планот и Програмата за работа и развој на градинката, Директорот редовно ќе ги следи промените на Законот и реформите во системот, запознавајќи се со законските регулативи.

Приоритетна задачи во оваа година ќе бидат:

- создавање позитивна клима во колективот;
- создавање услови за тимска работа која е неопходна во процесот на секојдневното планирање и работење;
- создавање на подобри услови за непречен раст и развиток на децата;
- јакнење на чувството на сигурност и стабилност на вработените во реализација на работата и работните задачи;
- непосредна соработка со родителите, кои во установата би партиципирале со своето време, идеи и можности за изнаоѓање заеднички решенија за успешно остварување на дејноста;
- непосредна организација на процесот на работа и соработка со одговорните воспитувачи, работниците во администрацијата и сметководството, вработените по објекти, родителите и другите

соработници со кои детската градинка ќе соработува во текот на целата година;

- непосредно соработка со Советот на родители;
- непосредно соработка и координација со стручните работници и соработници во рамките на остварување на дејноста;
- следење и извршување на одлуките на органот на управување;
- следење и спроведување на нормативната дејност во детската градинка;
- интензивирање на средби и соработка со Советот на Општина Македонска Каменица и Градоначалникот со цел да се запознаат со целокупната дејност и помогнат во изнаоѓање можни решенија во разрешувањето на конкретни проблеми и придонесат во реализирањето на потребите од промени во современиот развој на дејноста на градинката;
- евалуацијата на целокупната работа во оваа година ќе биде примарна задача во секојдневното работење на Директорот со цел да се спроведат целите зацртани во Развојниот план на установата.

За успешно работење на градинката, ќе се користат можностите:

- лобирање и аргументирано настапување пред пошироката јавност за предностите од користење на услугите на градинката, што воедно е и потребно за запознавање со програмата за РДР, во чија реализација неопходно е да бидат вклучени поголем број на родители;
- користење на разновиден информативно-едукативан материјал, веб-страната на установата, заради поголема информираност на родителите  кои се корисници на услугите на градинката, но и на оние кои не се корисници на услугите, со тоа што стекнатите знаења можат да ги применуваат во домашна средина;
- инвестиција во делот на штедливи светилки за осветлување на сите објекти во установата;
- инвестиција во опремување на ходниците и занималните за потребите на градинката во делот на организација на приредби и комуникација со родителите, со особено внимание на почитување и прифаќање на различностите по однос на културата, националната припадност и било која друга основа.

Како член на ОИ за МЧР земам:

- Учество во изработка на годишната програма за професионален развој на вработените во установа;

- Процесот на менторирање на вработените (изработка на програма за менторирање);

- Учество во оценувањето на вработените;

## Програма за работа на логопедот

Многу е важно детето да има правилен артикулиран говор, како устен говор така покасно и пишан говор. Ако устниот говор е проследен со аномалии, тоа покасно ќе рефлектира и врз пишаниот говор. Детето треба да има соодветно изграден говор, говорна база за понатамошно изградување и усовршување. Целта на работата на логопедот ќе биде навремено превенирање, за да не би дошло до отстапување во правилната изградба на говорот кај детето.
Тоа би значело, од друга страна ако навремено се открие некое отстапување, да се запази тој временски лимит за негово корегирање и воспоставување солидна говорна база за понатамошен развој во предшколската и школската возраст.
За децата во предучилишните установи треба да се обезбедат следниве услови:

Да осознава и учи низ игра;
Да се биде постојано во интеракции со сите инволвирани субјекти;
Да партиципира во рамките на индивидуалните способности;
Да има право на сопствено мислење;
Да се стимулира, истражува и да доживува успех.

Во ЈОУДГ ,, БАМБИ “ во 2020/ 21год. има вкупно 8 групи во кои има вклучени деца кои покажуваат одредени пречки во развојот манифестирајќи ги на различни полиња најчесто развоен проблем, хиперактивно однесување,забавен развој, неразвиен говор.
Активностите на логопедот во учебната 2020/ 21 ќе се реализираат во насока на:

Следење и процена на индивидуалниот развој на децата;

- Почитување на детските индивидуални разлики, потреби и предлози при планирање и реализирање на воспитно – образовната дејност;
- Мотивација на децата кон различни видови на активности за подобрување на изговорот на гласовите;
- Следење и вреднување на воспитно – образовниот процес и самовреднување;
- Почитување на детскиот избор и негово користење во насока на реализирање на конкретните цели;
- Реално планирање и усогласување со можностите, потребите и интересите на децата условени од потесна и поширока средина;
- Обезбедување на стимулативна средина, позитивна социо – емоционална клима, нагледност и автентичност на воспитно – образовниот процес;
- Поттикнување на децата кон истражување, откривање, креативност, планирање и реализирање на планираните цели;
- Учество во организирање и планирање на активности за учење по катчиња: семејно – драмско, математичко, катче со вода/песок, истражувачко, уметничко, куклено, катче за изложби;
- Материјалите во центрите треба да бидат организирани, јасно наредени, чисти и уредни, достапни за децата, набљудувани, оценувани и постојано збогатувани;
- Тимско работење, соработка со стручни лица, позитивно – социо – емоционална клима;
- Водење на досие на детето;
- Соработка со семејството;
- Работа со децата во групите во насока на поттикнување на социјалниот, емоционалниот развој, развој на перцепција, развој на говор и јазик, сензомоторен развој.

Ќе се води соодветна документација и тоа:

- Изработка на Годишна програма и Годишен извештај за работата на логопедот;
- Водење на документација за секојдневна реализација;
- Дневник за дневен план и дневна реализација.

Методи на работа кои ќе бидат користени во секојдневна работа со децата се: метод на пример, поттик и пофалба, игра набљудување, разговор, објаснување.

Документацијата која ќе се користи за следење на развојот кај децата со пречки во развојот е следна:

Досие на детето со семејна анамнеза, релевантна документација од Заводот за ментално здравје, Институт за слух, говор и глас, и други релевантни институции за дијагностика, следење и третман на деца со пречки во развојот, листи за опсервација.

Во секојдневната работа ќе се применуваат инструменти од логопедска теорија и практика.

Програмата за работа на логопедот за 2020/ 21 е во директна корелација со директорот и стручните служби на градинката. За нејзина успешна реализација потребна е континуирана соработка на сите субјекти важни за воспитно – образовната работа со деца од предучилишна возраст.

## Програма за работа на наставникот по Англиски јазик

Согласно ЗЗД и интересот на родителите се планира и во 2019/2020 година да се продолжи со реализација на наставата по Англиски јазик како факултативна дејност.

Целта на настават по Англиски јазик во предучилишните Установи е совладување на основни поими, преку игра и песна, препознавање на предмети и лица во највлиската околина,репродуцирање на истите, водење едноставна комуникација соодветна на нивната возраст.

Потребата од наставата по Англиски јазик е во функција на современото живеење на децата од предучилишна возраст. Програмата е изготвена со теми и области согласно темите на воспитно згрижувачката дејност во Установата.

# МАТЕРИЈАЛНА ПОЛИТИКА И ФИНАНСОВО РАБОТЕЊЕ

ЈОУДГ “Бамби” - Македонска Каменица, финансовото работење го остварува преку Општината Македонска Каменица, преку Секторот за финансиски прашања, односно одделението за буџетска координација и самофинансирачки активности преку уплата на родителите за престој на децата. За таа цел Градинката е должна да изготви Годишен финансиски план разделен по квартали и месеци по ставки и подставки во кој е искажано како ќе се распоредат расходите во текот на годината.

ЈОУДГ “Бамби” , Македонска Каменица во рамките на своето работење, во соработка меѓу директорот, секретарот, сметководителот, како и останатите вработени од каде се бараат податоци, состојби и извештаи, се изработува предлог финансов план за 2020/21 година според рамки и насоки кои ги добиваме од Секторот за финансирање и буџет при општина М.Каменица.

По изготвувањето и усвојувањето на Годишниот финансиски план се изготвува  и усвојува  План за јавни набавки кој ги опфаќа сите набавки на стоки и услуги како што се набавка на прехрамбени производи, средства за одржување на хигиена, поправки и одржување на објектите (градежни, водоводни, столарски, браварски и елекроинсталациски услуги), тековно одржување на парно греење, систематски прегледи на вработените, набавка на материјали за разни поправки, набавка на канцелариски материјали, тековно одржување (поправки и сервисирање на компјутери, компјутерска опрема, компјутерска мрежа и систем за видео надзор), тековно одржување на опремата за аларми, домофони и читачи за работно време, тековно одржување (сервисирање и поправка) на моторни возила, поправка и одржување на машини и опрема, набавка на опрема и мебел, набавка на постелнина за воспитни групи градинка и јасли, набавка на ирачки за воспитни групи градинка и јасли, набавка на ситен инвентар за кујна и воспитни групи градинка и јасли и сл.

**Општината М.Каменица** учествува со наменски дотации во:

- трошоците за бруто платите на вработените;
- дел во трошоците за комунални услуги, греење, комуникација и транспорт;
- дел во трошоците за поправки и тековно одржување;
- трошоци за договорни услуги на вработените преку агенциите за вработување и лицата ангажирани со договор за дело;
- дел во трошоците за оперативни расходи;
- купување на опрема и машини;
- реконструкција на објекти.

**Сопствените приходи** се остваруваат од уплатата на родителите за престој на децата според Правилникот за утврдување на цената за престој на децата, која изнесува 1.490,оо денари месечно по дете.

Сопствените приходи по основ на уплатата од децата учествуваат во целокупното финансово работење на Градинката и од истите се обезбедуваат расходите како што се утврдени во Годишниот финансов план за 2020/2021 година.

### *Основни средства и опрема за работа*

За непречено одвивање на дејноста за оваа година Градинката има потреба од набавка на следните основни средства и опрема:

- дидактички материјал;
- кујнска опрема

- мебел: обновување на плакарите според нова програма за пуштање и чување на креветчињата.

### *Тековно и инвестиционо одржување*

Оваа година потребни се средства за тековно одржување на објектите и тоа:

- преадаптирање на простор;
- санирање на санитарните чворови во објектот;
- поставување и одржување (стругање и лакирање) на паркет и вградување ламинат во канцелариските простории.
- менење на внатрешната столарија.

За наведените инвестиции установата ќе се обрати со барања до:

- МТСП на Република Северна Македонија;
- Општина М.Каменица и
- Бизнис заедницата во рамки на општината.

Ј.О.У.Д.Г. „Бамби“

Македонска Каменица

Директор

Снежана Златановска